**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 декември 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11, 24 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да повелат да влезат во салата, ќе започнеме со работа.

Ги повикувам пратениците кои се во Собранието, да влезат во салата, за да можеме да започнеме со работа.

Продолжуваме со работа по 65-та седнива на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Мендух Тачи, Арбен Џафери, Али Ахмети, Фазли Велиу, Агрон Буџаку, Азис Положани, Даут Реџепи, Бесим Догани, Александар Спасеновски, Есад Рахиќ, Љубчо Георгиевски, Андреј Жерновски, Данаел Дончев, Ѓорѓи Оровчанец, Фијат Цановски, Илинка Митрева, Лазар Китановски, Тито Петковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандланот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 12 , воздржани нема, против гласале 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот за бришење на член 32 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски, Борис Кондарко и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Мешков, повелете.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Станува збор, согласно кое Владата нуди ново решение околу постапката за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа.

Предлогот на Владата гласи "комплетноста и уредноста на документацијата ја утврдува лекар" во секоја подрачна единица на стручната служба на Фондот. И понатаму, во Предлог - членот се вели "со акт на Фондот се уредува начинот на работа на лекарот од ставот 1 на овој член".

Зошто сметаме дека ова не е адекватно и не е добро решение во Предлогот на законот? Од три причини:

Со предложената измена се предвидува комплетноста и уредноста на документацијата за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа да ја проверува лекар. Стручно и компетентно лице, кое ќе биде вработено во секоја подрачна единица на стручната служб ана Фондот. Проверката на уреднсота на документацијата имплицира дека станува збор за административна работа, а не стручна и работа што изискува комплетно стручно знаење од областа на медицината.

Второ, ова решение ќе предизвика значително непродуктивно трошење на стредства од Фондот за ПИОМ, што и онака кубури со средства.

Со оглед на тоа што станува збор за 30-тина подрачни единици на Фондот за ПИОМ, господине министре, значи ли тоа дека ќе отворите 30-тина нови работни места во секоја подрачна единица на Фондот? Само пред извесно време, вие заради рационализација на работните места преместувавте вработени стручни, компетентни лица од Скопје во Охрид, од Охрид во Куманово, од Куманово кој знае каде. Бидејки Фондот константно се наоѓа во недостиг наматеријални средства, имате ли логично, домаќинско, економично објеснување зошто предвидувате 30-тина нови вработувања на Фондот? И тоа на лекар кој ќе биде задолжен да гледа дали документите се исправни.

Само за споредба, постојното законско решение имплицираше инвалидноста, односно неспособноста за работа да се докажува со документи кои, преку секоја стручна служба од подрачната единица беа доставувени до Комисија за утврдување на комплетност и уредност на документацијата. Која пак, откако ќе дадеше зелено светло за комплетна документација, ги доставуваше до Комисијата за оценка на работната способност. Значи, во моментов егзистираат две такви комисииво Фондот за ПИОМ и работата тече.

Сега вие не убедувате дека од еден начин, со минатиот амандман, со кого имплициравте дека повторната постапка за оценување на работната способност ќе може да се обавува на секоај година дена, што значи ќе биде значително намален и обемот на работата на комисиите што ја оценуваат работната способност. Од друга страна, нудите 30 нови вработувања.

За што станува збор? Повторно ли се обидувате, повторно ли е ова обид на Владата да врши непродуктивни, читај партиски вработувања, без оглед на тоа каква материјална штета ќе придонесат во работата и на сметката на Фондот.

Апсолутно е неоправдано да стручни лица, кои завршиле Медицински факултет ги ставите во ситуација на секоја подрачна единица да седат и да проверуваат дали документите кои ги

поднесуваат осигурениците се комплетни и уредни. Тоа е, во некојслучај и дерогација на самата стручност и компетентност на лекарот.

Заради тоа сметаме и апелираме да го прифатите нашиот амандман, односно да го повлечете вашето законско решение, бидејки како што гледам, апсолутно немае официјално објаснување зошто вака сте го предложиле во Предлогот на законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господин министер за труд, повелете.

**Љупче Мешков:** Јас сум должен да објаснам некои работи околу оваа одредба, затоа што економичноста не се гледа само преку 20-тина плати плус што треба да се дадат, туку економичноста се гледа и во тоа колку постапката се спроведува согласно законот, во предвидените рокови со законот и што повеќе чини, дали 20 вработувања или повеќе чини тоа што над 50% од случаите кои чекаат на инвалидска пензија, постапката се завршува далеку над рокот предвиден за донесување на решение, односно за завршување на постапката за вештачење.

Што се случува сега? Сега доаѓа комплетен предмет со медицинска документација пред лекарска комисија. Комисијата, која е сместена во рамките на Фондот, таа констатира дека недостасува некој документ или не е комплетна документацијата, поради што предметот го враќа повторно назад во подрачната служба и сето тоа трае, да не ви кажувам колку. Сега не можам да прејудицирам, но сигурно се губи драгоцено време, заради што не може да се запази рокот од законот.

Сега се предлага да комплетноста на медицинската документација, што е многу важна работа во вештачењето, затоа што без тоа не може комисијата да одлучи за работната способност на осигуреникот. Ние сме должни да преземаме мерки да ги спазуваме роковите за постапката, предвидени во соодветните закони. Поради тоа, кога предметот би дошол комплетиран од подрачната служба, тогаш воопшто не би се губело време во постапката и постапката ќе може навремено да биде завршена. Целта е, медицинската документација целосно да биде комплетирана со сите документи во подрачната служба, инаку нема никаква функција таа комисија за комплетност во Скопје, кај Комисијата, затоа што предметот кога ќе дојде и кога тие ќе констатираат дека е некомплетен, се губи секоја смисла на комплетност, затоа што мора повторно да се враќа назад на комплетирање. Тоа е единствената цел.

Инаку, не се предвидува веднаш да бидат вработени тие луѓе, туку Ќе оди постапно. Веројатно во наредните две години. Со тоа што имаме и преодна одредба, во коај кажуваме додека во подрачната служба не се пополни тоа работно место и понатаму комплетноста ќе ја врши Комисијата во Скопје,односно во рамките на лекарските комисии што и сега ја вршат проверката на комплетноста.

Ова е процес што мора да го завршиме, затоа што комплетирањето на предметите мора да се врши таму каде се поднесува барањето, а не во Скопје, заради што, реков, се одолжува постапката на донесување решение.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Госпоѓо Бендевска вие барате реплика?

Повелете вашите три минути.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Господине министер ќе ве демантирам со факти.

Прво, не станува збор за 20-тина подрачни единици, бидејки бројот е 32. Значи, новите вработувања ќе бидат 32, согласно Закон. Законот предвидува во секоја подрачна единица. Тоа значи дека за 50% веднаш се обидовте да го намалите бројот на новите вработувања.

Второ, комплетната документација за утврдување на работната способност, согласно член 1 од измената на Законот во 2004 година вели - бара да се приложи медицинска, работна и друга документација. Кој лекар е остручен да оценува работна документација? Апропо досегашното решение, според кое во Комисијата членува лекар, членува компетентно и стручно лице кое навистина може да ја оценува работната документација, односно правник, претпоставувам економист и друго. Тоа значи комплетна документација.

Вие сега нудите лекар. Како да имплицирате дека исклучително е потребна медицинската документација. Законот вели поинаку. Законот вели дека освен медицинската, што знам дека има предност во оценувањето на намалетната работна способност, односно инвалидност, постојат и други документи што ги налага Законот, а што не може да ги врши исклучително лекар вработен воподрачната единица. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Министерот за труд има контра реплика, повелете.

**Љупчо Мешков:** Овде ниакде не пишува дека за работната документација,оти за тоа си има други вработени луѓе кои го комплетираат предметот, со сите други општи и потребни податоци да се комплетира еден предмет.

Во овој член за кој зборуваме, пишува комплетноста и уредноста на документацијата ја утврдува лекар поединец. Можеби не е најпрезцизно, меѓутоа се мисли на медицинската документација, затоа штолекар не може да собира општи податоцим а не може ни другиот да ја комплетира лекарската документација. Секој во рамките на својата стручност и компетентност.

Кога се мисли “постапката за утврдување на инвалидност” односно неспособност за работа, се мисли на комплетната докуметнација што е потребна за таа намена, за таа работа.

Зошто реков 20, не реков случајно. Но не морам сега до крај да ги изложувам тука преместувањата, разместувањата и т.н.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

За збор се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Само едно укажување, ова е доказ, ова што сега го кажа министерот зошто Европската комисија во Извештајот ни вели " носиме избрзани и неквалитетни закони".

Министерот за труд и социјална политика рече, цитирам "изгледа не е најдобро формулирано и се мисли". Законот не може да мисли. Законот треба да каже прецизна дефиниција. А, тоа е резултат на масовното трчање по закони, а не по квалитетни решенија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот министер за труд побара реплика, повелете.

**Љупче Мешков:** Читам како пишува во членот: "во постапката за утврдување на инвалидније,односно неспособност за работа, компетноста и уредноста на документацијата". Не се мисли за друго освен за, па и утврдување на инвалидност може само со медицинска документација. Не може со друга да се утврдува инвалидност.

Можеби ова штоколешката сакаше да алудира на зборот "медицинска", но утврдувањето на инвалидноста и неспособноста се врши со медицинска документација. Не може со друга. Тоа е една работа.

Втора работа, ова го предлагаме, уште еднаш потенцирам, бидејќи вака ќе се добие многу поекономична постапка и ќе се запази рокот пропишан со општата управна постапка, затоа што сега, во над 50% случаи не е можно да се спази тој рок, затоа што предметите се враќаат повторно назад во подрачните служби.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Макрадули Јани, контра реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Министерот од еден аспект, значи комплетноста и уредноста на документацијата ја утврдува лекар, каде што во документите што се приложуваат се медицисцка и друга документација.

Јас зборував од друга страна, за вашата изјава дека не е најпрецизно кажано. Вие го кажавте тоа, не ние.

Затоа, реков кога вие мислите дека не е најпрецизно кажано, самите како предлагач давате сомнеж, јасно ни е зошто Европската комисија вели дека носиме избрзани и неквалитетнизакони. Благодара,

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 10, воздржани нема, 47 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 43 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Славица Грковска, Оливер Спасовски, Цветанка Иванова, Борис Кондарко и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Мешков.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Бидејќи овој амандман на членот на којшто се однесува е поврзан со амандманот што се однесуваше на солидарниот фонд, бидејќи претходните амандмани не се прифатени, веќе овој амандман е бесмислен и затоа го повлековме, а гикажавме аргументите зоштопретходните амандмани требаше да се прифатат. Бидејќи не се прифатени, а овој амандман е во врска со тие амандмани, го повлекувам овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 44 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Славица Грковска, Оливер Спасовски, Цветанка Иванова, Борис Кондарко и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Мешков, повелете.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Исто так аи овој амандман е поврзан со членот 28 и амандманите ги поднесовме се со цел да имаме една комплетна целина во Законот, за што впрочем и министерот на вчерашната расправа ни забележи дека ако членот 28 се брише, ќе треба понатаму да има амандмани. Затоа се направени овие амандмнаи.

Бидејќи Владата не се согласи со таков пристап да се откаже од намерата на одземање на солидарниот фонд од управување на пензинерите, овој амандман е безпредметен и го повлекуваме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 55 поднесен од пратениците Јани

Макрадули, Славица Грковска, Оливер Спасовски, Цветанка Иванова, Борис Кондарко и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Мешков.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарма господине претседателе.

Почитуван министре, во образложението дали го прифаќате или не можете да кажете зошто не се прифаќа, затоа што е безпредметен, затоа што претходно, после 4 дена расправа и убедување со вас не ни го прифативте клучниот амандман на овој Закон, на членот 28 кој се однесуваше на солидарната помош за посмртнина што ја издвојуваат самите пензинери, да остане по старо, односно да можат тие самите да располагаат, како и до сега, со тие средства.

Вие, со овој закон предвидовте Владата да ги управува овие средства, што е противуставно, за жал. И, тоа е причината поради која сите овие амандмани понатаму, што се поврзани со солидарниот фонд ги повлекуваме.

Значи и овој амандман е безпредметен, благодарение на вашето одбивање и немање чувство за пензионерите. Така што, ќе бидеме принудени да го повлечеме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 56 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Славица Грковска, Оливер Спасовски, Цветанка Иванова, Борис Кондарко и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Мешков, повелете.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Со оглед на тоа што амандманот е тесно поврзан со членот 28 од Предлогот на законот за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, за што долго дебатиравме, но не успеавме да го убедиме владечкото мнозинство, семтаме дека овој амандман станува безпредметен и затоа го повлекуваме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови членови 56-А и 56-Б по членот 56 поднесен од пратениците Оливер Спасовски, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Славица Грковска, Ацо Киров, Марјанчо Николов, Игор Ивановски, Верица Филипова, Влатко Серафимов и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Мешков.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам господине претседателе.

СДСМ уште на 1 август 2007 година, преку својата пратеничка група достави до Собраниеот на Република Македонија Предлог -закон за изменување и дополнување на токму овој Закон, Законот за ПИО. Иако нема атмосфера денеска за работа во Собранието, јас ве молам господине претседателе да создадете макар минимални услови, со оглед на тоа што, особено овој амандман зафаќа широка група на граѓани на Република Македонија кои практично се директни жртви на транзицијата во Република Македонија. Мислам дека заслужуваат да бидат спомнати, заслужуваат да бидат предмет на внимание на пратеници од целиот собраниски состав. Особено тоа што овој наш Предлог доби широка подршка од синдикатите на Република Македонија голем број на социјални здруженија, особена подршка доби од женското лоби во Собранието на Република Македонија, како и огромен број граѓани кои не сакаат да бидат предмет на дискриминација. Бараат да бидат пензионирани под исти или слични услови како и другите останати граѓани во нашата земја.

Реформата напензискиот систем, за волја на вистината е една од најуспешните реформи во Република Македонија. Можеме да коснтатираме дека до некаде успешно ги амортизираШе последиците од транзицијата.

За жал, остана една група граѓани, заради кои ние денеска го поднесуваме овој амандман.

СДС смета дека е неопходно постојано следење на имплементацијата на пензиската реформа и преземање на соодветни мерки за спречување на негативните социјални последици на граѓаните. Согласно Уставот на Република Македонија, секој граѓанин на Република Македонија има право на социјална сигурност. Токму овде ја наоѓаме уставната претпоставка на предложенио тамандман.

Да потсетам, минатиот собраниски состав, повторно по иницијатива на пратениците од СДСМ го продолжи рокот за пензионирање, односно за остварување на правото на пензија по основ на работен стаж од 1 септември 2005 до 1 септември 2007 година. Зато ание, месец дена пред истекот го доставивме во собраниска процедура Предлогот на закон, за што, за жал, вие господине Георгиевски немавте слух, па го ставивте како предмет на 65-та седница како 25-та точка од дневниот ред, иако рокот на кој што се

однесува амандманот одамна помина. Завршуваше на 31 август оваа година.

Очигледно е дека оваа Влада нема ниту сенс, ниту разбирање, ниту има намера конечно да го реши статусот на оваа група граѓани кои навистина се дискриминирани, иако без своја вина се директно загрозени од транзициониот процес.

Затоа, поаѓајки од принципот на социјална правда и солидарност, како една од основните претпоставки на социјалдемократијата, како идеологија, со овој амандман бараме продолжување на рокот за остварување на правотона пензија по основ на стаж за три години односно рокот да биде до 1 септември 2010 година.

Ова значи, дека со овој амандман осигурениците кои имаат исполнет пензиски стаж од 35 години жена, односно 40 години маж, односно 40 години работен стаж за маж, ќе можат да се стекнат на право на старосна пензија без оглед на возраста најдоцна до 1 септември 2010 година. При предлагањето на овој амандман ја имавме предвид социјалната положба на работниците во градежништвото, во рударството, во земјоделството, во текстилната индустрија, стечајните работници, технолошкиот вишок, и многу други неспомнати категории.

Заради тоа, молиме разбирање упатено кон пратениците од владеачкото мнозинство. Најнапред дозволете директно да побрам поддршка од колегите на НСДП, со оглед на својата апсолутно идентична идеолошка претпоствка. Исто така, да упатам апел и до колегите од социјалистичката партија како лево ориентирани идеологии, кои се засноваат и кои се потпираат врз принципот на еднаквост и социјална правда, да имаат разбирање и да гласаат во корист на нашиот амандман.

Очекувам и верувам дека ќе гласате но и до вас почитувани колеги од ВМРО ДПМНЕ сметам дека со една ваква интервенција ќе бидеме навистина сигурни и убедени дека овој пат можеме сите заедно да застанеме, не зад граѓани согласно нивната политичка припадност, туку за граѓани кои сериозно се жртви на транзицијата која веќе предолго трае во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплики нема.

Според тоа, збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Јас би ја повикала. . .

(Расправии помеѓу пратеници на СДСМ и пратеници н а ВМРО ДПМНЕ)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, дозволете и на госпоѓа Иванова да говори. Ве молам за тишина.

(Пратениците на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ продолжија со расправиите)

Ве молам за тишина.

Ајде 10 минути пауза, 10 минути прекин, малку да се смириме.

(По паузата)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, затоа што го започнуваме продолжението на седницата.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Јас навистина сакам да изразам искрено жалење за инцидентот што се случи претходно предизвикан од пратеничка која што припаѓа на Клубот на жени пратенички кој што работи на оваа тема, на продолжување на важење на рокот за пензионирање, затоа што ова е волја на сите жени, затоа што ова е волја на синдикалната организација на женската секција, затоа што од оправдани причини жените кои работат во одредени трудо интензивни гранки, како што е текстилната индустрија, конфекцијата, угостителството, практично да не можат односно со сите сили бараат да се поддржи овој амандман, затоа што практично би значело ако се направи една симулација да работат минимум 45 до 47 години да имаат работен стаж, за да можат да одат во пензија. Ако си има предвид тежината на работата во овие трудо интензивни гранки, навистина мислам не треба да е човек посебен сстручњак за да оцени ретко која жена мо же да издржи и да се стекне по овој закон сега што е во важност, со правото на пензија.

Особено изразувам жалење затоа што таа пратеничка е од социјалистичка партија, која што пак основните определби нивни се да ги бранат правата на работниците.

Но, да продолжам за амандманот. Вие како претседател знаете дека ние како пратеничка група СДСМ на барање на женската секција на синдикатите уште пред да престане да важи примената на стариот закон, тоа беше некаде во август, затоа што стариот закон, одредбите од стариот закон престанаа да ва жат на 31 август о.г., поднесовме предлог за измени и доплнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со кој што баравме пензионирањето да биде по два основи и тоа со навршени години на старост и со навршени години на пензиски стаж да продолжи и понатаму до 2010 година. Но, од причини јасни, затоа што секогаш кога опозицијата предлага некој законски проект, тешко доаѓа на пленарна седница, овој закон не дојде и сеуште не е дојден. Тогаш ја искористивме можноста, кога предлагачот Владата преку Министерството за труд и социјална политика предлага измени и дополнувања на Законот да поднесеме еден ваков амандман, со кој што бараме да се додаде уште еден нов член 56-а во Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со кој што бараме пензионирање или правото на пензија да се стекнува покрај со наполнети години на возраст, на живот, да се стекнува право на пензија и по основ на наполнет пензиски стаж,

што ќе каже 40 години пензиски стаж за маж и 35 години пензиски стаж за жена.

Почитуван господине претседателе, почитуван господине министер. Јас знам дека сте запознати со барањето на Секцијата на жени при Сојузот на синдикатите и очекувам или мислам дека сте имале повеќе средби на жените вработени во текстилната индустрија, посебно во конфекциите и јас сум сигурна дека вие ги знаете нивните барања. Да не биде дека еве нешто лично изнесува, непосредно во времето на паузата ми се јавија текстилни работнички, конфекциски работнички од Струмица, кои јас подолго време ги познавам и со кои навистина комуницирам токму на оваа тема. Тие бараат поддршка на овој амандман од сите жени пратенички во овој состав, затоа што јас сум сигурна дека без исклучок дека секоја жена пратеничка имала средба со жените од сопствениот регион и ги знаат нивните барања. За да ги охрабрам колешките пратенички да гласаат посебно за овој амандман, јас би кажала како ние тоа го направивме во 2005 година. Иако, беше став на нашата тогашна Влада предводена од СДСМ и коалицијата да не оди во предвид да се донесе ваков амандман да продолжи важењето до 2007 година стариот начин на пензионирање, тогаш ние дел од пратеничките застанавме цврсто односно се поделивме, едни да гласаат за, едни против амандманот, но имавме јасна пресметка дека ќе имаме потребен број на гласови, со кои што овој амандман ќе стане законско решение. И, го направивме спротивно на одлуката на тогашната наша Влада. И тогаш, како и сега ни беше образложувано од тогашниот министер дека ова е упад во пензискиот систем, дека е ова тоа што ќе направи банкрот во Фондот за пензискко и инвалидско осигурување, дека ќе има наплив на пензионери, но еве гледате дека ништо од она што беше тогаш како аргументација давано во насока против амандманот, не се случи. Бидејќи Република Македонија подолго време е во транзиција, почитуван колега министер, јас мислам дека вие ги знаете компаративните искуства на прилагодување на земјите, особено од регионот, кон новиот начин на пензионирање и мислам дека имате сознанија дека во многу држави условите за пензионирање, односно прилагодување кон новите услови не се толку ригорозни како во Република Македонија.

Би сакала само за илустрација да ви прочитам од компаративни искуства. Белгија тоа го прави до 2009 година, Англија го прави тоа до 2020 година, што значи има еден подолг список на држави, кои што новиот систем на пензионирање, имајќи предвид дека лошо ќе се одрази на правата на работниците, оставиле еден подолг период на усогласување.

Исто така, не е аргумент дека треба да одат и жените и мажите само со старост, по основ на старост, затоа што има голем број на земји, особено земји од регионот, кои што предвидуваат односно имаат свои законски решенија каде што се остава можност и со години на наполнет стаж да се оди во пензија, имајќи предвид дека во овие услови на транзиција навистина тешко може вработените од оној претходниот период да издржат и понатаму да работат и да се стекнат со пензија само со овој основ.

Почитуван господине министер, јас знам дека вие знаете дека овој услов на пензионирање кој што до сега го бараме, нема многу да се одрази во работењето и на финансиската состојба на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, како што претходно кажав ние таков еден амандман веќе прифативме и се покажа дека овој основ е доброволен, дека оние луѓе на кои што не им е неопходно да се стекнат или сеуште можат да ги обавуваат своите работни задачи не го користат овој основ за пензионирање и дека реално овој услов за пензионирање досега го искористија работниците чии фирми паднаа во стечај, а знаете дека дел од нив се надвор повеќе од една година, дел од работниците се кои што се прогласени за технолошки вишок и дел од работниците кои навистина од здравствени причини не можат повеќе да ги обавуваат своите работни задачи и чекаат овој услов да се продолжи за да можат да се стекнат со и ова им е навистина неопходен услов и на крајот на краиштата е хуман, господине министре, за да може овие луѓе да се стекнат по основ на наполнет пензиски стаж, со пензија.

Јас би сакала само да ви направам и вие знаете, но само една симулација да направиме. Во текстилната индустрија и градежништвото се вработуваат луѓе неквалификувани или со ниски квалификации, на кои образованието им трае до 8 одделение и после со некаков курс се вработуваат и засноваат работен однос. Ако се има законското решение од Законот за работни односи кој што и сега важи и тогаш важел, лице со наполнето 15 години работен стаж може да заснова работен однос, а тоа е случај со вработените во текстилната индустрија, во конфекцијата и во градежништвото и ако се има предвид сегашното решение кое што сакаме да го измениме, жена да се стекне со право на пензија со 62 години навршени од живот старост, значи тоа претпоставува дека таа жена во конфенцијата треба да работи или во текстилната индустрија на машините за предење, треба да работи полни 47 години, а маж треба да работи полни 50 години. Мислам дека ова ниту е хумано решение, мислам дека ова ниту е можно здравствено работниците да го издржат и мислам дека основан е нашиот амандман стариот услов за пензионирање да биде продолжен до 2010 година што ќе значи уште две години, со што оние работници кои што имаат неопходна потреба од ова законско решение, а тоа се рабтниците технолошки вишок, стечајните работници и работниците во овие трудоинтензивни гранки тешки, да можат навистина, а кои што од транзицијата биле жртви на транзицијата, навистина дозволете им, да најдеме сите заеднички сили да го изгласаме овој амандман, за да може навистина овие работници да остварат право, кое што навистина го

заслужиле, затоа што до сега вложиле труд и не се виновни што се жртви на транзиција во која што е Република Македонија.

Почитуван господине министер, јас очекував дека ќе го прифатите овој амандман, затоа што мислев дека, јас знам дека беше закажана една средба со жените од текстилната индустрија и конфекциите во Струмица, заедно со вас и со пратениците од струмичкиот регион  да подебатираме по ова прашање, по овој амандман или по оваа потреба на вработените, но тоа не знам од кои причини не дојде до таква средба. Меѓутоа, сигурна сум дека вие сте имале такви средби во други региони, во други градови и убедена сум дека го знаете мислењето на овие в работени, убедена сум дека знаете дека навистина е потребно да се прифати ваков амандман и затоа очекував да го прифатите амандманот. Но, бидејќи тоа не го сторивте, апеллирам до сите пратеници да го поддржат овој амандман, затоа што како што јас имам средби со вработени и мажи и жени, мажите од градежништвото а жените од овие гранки, секој од пратениците имал таква средба, секој го знае барањето на овие вработени. Сите овие работници биле наши гласачи, тие без исклучок дали гласале за СДСМ или за ВМРО ДПМНЕ или за било која друга партија или за Либерална партија од која што потекнува министерот доаѓале и сум се сретнувала. Јас овде го кажувам нивното барање и се залагам нивното барање да стане законско решение, за да може да си ги користат правата кои што произлегуваат од навистина тешио вложениот труд кој што го имале до сега.

И, уште еднаш порачувам, навистина не е хумано со овие решенија да се тераат луѓето да работат во вака тешки гранки до 47, а некаде за мажи и до 50 години стаж, затоа што тоа не е ни можно.

Ви благодарам и ги повикувам сите пратеници да ги поддржат овие два амандмани, затоа што образложението од прилика на двата амандмани би се однесувало.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине министре дали имате реплика или ќе земете збор.

Како сакате, имате право на двете.

Значи, господинот министер има реплика.

**Љупчо Мешков:** Ќе ја искористам оваа прилика да реплицирам, со тоа што претходно многу пати беше дискутирано во врска со ова прашање и познат е ставот на Владата, познати се ставовите и на другите институции, така што околу тоа не мислам веќе понатаму да образложувам, но сакам да кажам само неколку работи.

Прво, услов за остварување право на пензија е староста и навршениот пензиски стаж. Ова беше исклучок каде што може да се оди во пензија само по основ на навршен пензиски стаж, така што имавме случаи 56 или 57 или 58 годишни луѓе да одат во старосна пензија што малку за некои усогласувања кои ги правевме со странски експерти малку беше чудно толку млади луѓе да заминуваат во пензија. Но, како и секој преоден период кога носите некое преодно решение, се предизвикува во тој преоден период и одредени последици кои се неповолни за одредена категорија на работници или на осигуреници.

Инаку, ова произлезе, ваквата одредба за бришење на условот за одење во пензија само по основ на пензиски стаж, од Мемоарот од Светската банка, кој во својот извештај не само што укажува на ова, туку и препорачува дури и подигање на старосната граница на 67 години, што многу земји од Европската унија веќе го имаат направено и се во период на покачување на таа старосна граница, заради тоа што сметаат дека очекуваното траење н а животот продолжува, животниот век се продолжува и заради познативе состојби во финансиите во фондовите, ја пролонгираат уште на повисоко ниво границата за остварување право на старосна пензија. Така на пример, државите кои ги спомна почитуваната пратеничка Иванова тие го пролонгираат рокот, но го пролонгираат рокот за подигање на старосната граница. Тоа е и со Велика Британија, Франција, Германија, Белгија итн. Значи, преодот од 63 или 64 години на 67 години  го пролонгираат постапно за наредниот период, за наредните години натаму. Инаку, Србија, Хрватска, Словенија, тие имаат практично одредби, но тие овозможуваат само по основ на навршен пензиски стаж да речеме од 25 до 30 години со добивање на сразмерен износ на пензијата, во зависност од должината на навршениот пензиски стаж.

Од тие причини во рамките и на она што вчера спомнав регулативата во рамките на усогласувањето на социјалните системи, затоа го применивме и сакаме да се применува, каде што старосната пензија ќе се остварува исклучиво и со условот на старост а не само по основ на навршен пензиски стаж.

Инаку, се разбира, донесувањето на закон е малку посериозна работа. Се разбира желби има многу да се помогне, но тука се и други причини кога се носи закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе. Навистина законот треба да биде желба на граѓаните на кои што се однесува, затоа што ние работиме во името на граѓаните. Ова е желба на многу вработени. Особено во текстилната индустрија, конфекцијата и градежништвото.

Знам дека сме во реформи на пензискиот систем, но еднаш знам дека имаме насоки во тој правец. Но, еднаш таа насока ја прекршивме и ништо не стана. Ништо радикално не се случи. Ниту пензиски фонд се изгуби, ниту крахира. Сега само да ви кажам во Германија жена на 60 годишна возраст се пензионира, Франција 60, Белгија 60; 65 до 2009  година, Холандија 65, Австрија 60, но до 65 до 2024 година, Италија 60, Шпанија 60, Данска 60, Шведска 60.

Значи Македонија белки не е многу понапредна од овие држави за да веднаш прифати радикални услови. Дајте да предвидиме некаков вид, да имаме само еден вид на пензија. Старосна 62 години, а во Србија и Црна Гора исто така имам компаративно искуство, имаме жена со 60 години старос и 35 години стаж.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Цветанка Иванова:** Само ако дозволите господине претседателе, затоа што многу ми е битно да го кажам ова, се работи за исклучително важно прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Има доста говорници, делегирајте некој.

**Цветанка Иванова:** Значи, жена со 60 години и 35 години стаж на осигурување.

Понатаму, во Србија жена 58 години со 20 години стаж, 60 години со 15 години стаж и 53 години со 30 години. Дајте да направиме некакво преодно решение да е поволно, не мора овој амандман да е вака, но да имаме преодно решение, затоа што навистина во овие гранки не е можно жените да работат по 37 годин.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господин Борис Кондарко, но бидејќи тој не е тука, збор има госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван господин министер.

Се јавив и јас после исцрпните излагања за овој амандман на претходните говорници за збор бидејќи навистина е еден од најголемите проблеми на граѓаните на Република Македонија, бидејќи најголем дел од посетите во мојата пратеничка канцеларија или од средбите со граѓаните на Штип се поставува токму овој проблем. Јасно е дека Македонија е сиромашна држава, јасно е дека немаме доволно пари во Буџетот, меѓутоа уште појасно треба да ни е дека нашиот народ од ден на ден е посиромашен и дека не смееме како пратеници и како претставници на граѓаните на Република Македонија да не водиме баш ама никаква сметка за нив. Да донесуваме закони само заради себе, заради законите, а не законите кои ќе бидат во корист на граѓаните на Република Македонија.

Вие господин министер со проблематиката која ја третирате во вашето Министерство, со односот кон стечајците и со односот кон законот за пензионирање сигурно одите во сферата на еден од најнепопуларните и најнесаканите министри. Мене ми е многу жал, можеби проблематиката која ја третира вашето Министерство е таква, меѓутоа морам да констатирам дека малку и вашиот однос придонесува за тоа.

Начинот на пензионирање и нетолеранцијата, неможноста да дозволите уште еден преоден период многу ме потсетува на вашиот однос, вашиот индолентен однос кон стечајците, кон Законот за стечајците, кон амандманите за решавање на нивното прашање.

Повторно ја имаме повторно истата приказна. Повторно опозицијата или дел од позицијата предлага закон кој го бараат нашите граѓани, како што бараат стечајците да се изгласа нивниот закон, како што нивниот закон беше ставен точка 26, така и законот кој го поднесовме како СДСМ уште во јули 2007 година е ставен како точка на дневен ред која никогаш нема да ја види светлината на денот во ова Собрание. Поради тоа се решивме да интервенираме амандмански.

Се решивме да интервенираме амандмански за доброто и по карањето на сите наши граѓани, на сите наши гласачи не само на СДСМ на кои им останале за пензионирање уште три дена, уште пет дена, кои се свесни дека не можат до 62 години да бидат покрај машините, покрај конфециските машини затоа што таа работа можеби е лесна, меѓутоа видот на тие жени и моториката им е тотално ослабнат. Ако не беше така немаше неколку пати по 20 или 30 особи да доаѓаат во мојата пратеничка канцеларија да замолуваат, да бараат да го изнесеме нивниот проблем. Можеби треба да дојдете господин министер во Штип во текстилните фабрики каде што има 6000 вработени, каде голем дел, или најголем дел од вработените работат во текстилот и да видите дека ова е навистина точно дека само теоретски е можно тие жени до 62 години да седат покрај машините за шиење. Што ќе им правиме, ќе ги правиме ли социјални случаи последните две-три години од нивната старос додека исполнат услови за пензионирање. Тие се согласуваат и да одат и со пониска пензија само да имаат некаква финансиска сигурност. Ако работеле 40, 41, 42, 43 години последните години од работниот век да останат на улица навистина е нехумано. Јас сум свесна дека вие не ме слушате сега, меѓутоа ние како пратеници овде не смееме да дозволиме такво нешто да се случи, бидејќи вие господин министер упорно се трудите да го протуркате ова решение.

Поради тоа, бидејќи се беше кажано во врска со овој проблем, меѓутоа по нивната замолница се јавив за збор. Јас не слушнав од вашето досегашно излагање како мислите вие да го решите овој проблем. Дали мислите текстилните работнички кои ги има 46 илјади во Македонија да ги оставите на улица последните години од нивниот стаж додека не наполнат 62 години. Реално и рационално е да го смените законското решение. Да предложите, до колку не ви дава вашата совест да го прифатите амандманот на опозицијата да предложите ваше решение кое ќе оди во нивни прилог. Тие луѓе не се членови на СДСМ, тие луѓе не се членови на ВМРО-ДПМНЕ, дел од нив се припадници на партии, дел од нив се граѓани на Република Македонија, неопределени, кои реално имаат проблем.

Свесни сме сите дека вработените во државната администрација, вработените во образованието, во здравството, во културата не бараат да одат пре време во пензија. На нив нема да им одговара со наполнети 35 или 40 години работен стаж да одат во пензија бидејќи со исклучок на неколкук

луѓе во оваа држава пензионерите земаат помала плата отколку кога се вработени. Пак ќе споменам дека и овде во Собранието имаме пензионери пратеници кои земаат 1/3 од пензијата плус цела пратеничка плата, затоа што така е законското решњение. Меќутоа, 99,9% од пензионерите земаат помала пензија односно минвата пензија е помала одошто нината плата. Поради тоа еден дел од пензионерите никако не можете да ги натерате да одат во пензија пред навршување на саконските години на старост. Но, поголем дел од нив, физичките работници, како што кажав конфекциските работници, градежните работници, кожарците и сл. бараат да одат во пензија пред 62 години старост односно 64 години старост за мажи. Мене ми е јасно што и да кажеме денеска овде, колку се трудиме, има пријавено уште дестина пратеници сигурно ќе го поддржат овој амандман, мене ми е јасно дека партијата на власт нема да го изгласа согласно досегашното искуство околу амандманите за стечајците.

Меѓутоа, не е точно дека државата во Буџетот нема пари за овие осигуреници. Не е точно бидејќи секојдневно сме сведоци како за козметика, за шминка се трошат пари во нашата држава. Сведоци сме за секојдневните рекалми со кои сме сега практично пред новогодишно опсипани од нашата Влада, кои коштаат многу многу пари, кои пари не можеме точно да ги дознаеме и сигурно дека никогаш нема да ги дознаеме, меѓутоа ако има пари за да се рекламираат, како беше, водење љубов и што уште ќе рекламира нашата Влада, за реални потреби мора да се најдат средства.

Поради тоа го поднесовме овој амандман. Поради тоа апелирам да го изгласате амандманот со кој рокот за пензионирање во основ на раотен стаж ќе се пролонгира до 2010 година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Благородна Дулиќ, а потоа Александар Николовски.

Повелете госпоѓа Благородна Дулиќ.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам господине претседателе.

Сакам да кажам дека во Европа и во светот веќе одамна е усвоено дека работоспособноста не се цени според работниот стаж, туку според годините на старост. Според тоа и ние со оглед дека постојано зборуваме дека сакаме да сме во Европа треба тие критериуми и да ги цените и да ги примениме, а особено заради тоа што навистина е точно тоа дека работоспособноста не може да се цени по годините на стаж, туку по возраста.

Што се однесува до проблемот на текстилните работнички е сосема нешто друго. Тука имаме чиста експлоатација на женската работна рака од работодавачите кои што ги искористуваат до максимум со мал надоместок, според тоа апелирам од ова место до синдикатите и до инспекциските служби да си ја вршат својата работа онака како што треба, односно да се земат во заштита овие работнички односно овој вид на работна сила во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Да колешке пратеник, ние живееме во Македонија и сигурно дека текстилните рботнички кога би можеле да бираат би избрале други работни места, меѓутоа и покрај многуте ветувања, "Програмата во 100 чекори", не им овозможи ништо друго. Им остана само текстилот, конфекциите и таа работа таму. Ако можат да бираат би избрале сигурно нешто друго и нешто подобро.

А за тоа каков е принципот на пензионирање министерот кажа нешто друго. Кажа дека постојат држави во кои може да се оди со помал процент на пензија, со исполнети помалку години и не навршени години на стаж. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Николовски повелете со вашата реплика.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Би сакал во реплика да го кажам и својот став. Во интерес на времето, пензионерите чекаат да добијат повисоки пензии, така што не би сакал да го задржувам времето. Она што би сакал да го кажам е дека практично системот на пензинирање односно системот на финансирање на пензиите и не е така стар и го знаеме неговото потекло. Она што е факт и што се случува во моментот и во Европа и во Македонија не е исклучок е дека заради неколку мултиплицирани фактори не може да се одржи постојниот пензиски систем во однос на системот кој што функционираше во 20-от век и заради тоа се пристапува кон промена на системите. Тука има неколку доминантни причини зошто е тоа така. Пред се поради порастот на животниот стаднард, поради порастот на животниот век, намалувањето на бројот на новороденчиња, однсно депопулацијата која што се појавува. Тоа се работи кои што се факт и во цела Европа и во Македонија.

Но, има уште една специфика во Република Македонија поради која што за жал не можеме да го направиме она што го предлага СДСМ и колешката сега. Да бидеме начисто. Иако идеолошки припаѓаме на различни групации, СДСМ може би треба да биде поблиска до овие теми кои што ги зборува, и јас немам ништо против луѓето што порано да заминуваат во пензија и што подолго во животот да ги користат благодетите на пензиите, но факт е дека луѓето не можат во Македонија меѓу другото да заминат во пензија заради тоа што текстилните работнички за кои што говоревме, кои што најмногу ги има во Штип работат за мизерни плати, често пријавени на минимум некаде 5 до 6000 денари, често за нив плаќани придонеси токму на тој минимум , често не плаќани

придонеси за нив, уште повеќе наместо да работат 8 часа, работат 12 часа, тие 4 часа екстра никој не плаќа придонес во оваа држава, така што она би требало да е реална акумулација во државната каса не се прави заради тоа што години години и години нивните работодавачи се богатеа односно на сметка на нивниот труд, не само во Штип тоа го има и во Крива Паланка, го има и во Кочани, го има во многу места во Источна Македонија, практично заработуваат на нивниот грб.

Тука треба да заземеме заедничка одговорност заради тоа што на прво место се инспекциите кои што треба да го санкционираат тоа се почесто да го прават, но исто така треба да тргнеме со личен пример и треба лично да посочиме и да ги убедуваме работодавачите дека најдобро е да ги плаќаат давачките и секогаш да трнгеме од себе. Тоа би било она што би сакал да го пренесам како порака дека треба ние да сме одговорни кон Буџетот и кон државата за да државата е одговорна кон нас и кон луѓето кои што ги згатапуваме, инаку се ќе остане на добри реченици кои што ги кажуваме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Верица Филипова има контра реплика.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитуван колега немојте да ј дефокусирате јавноста бидејќи амандманот е многу конкретен и се однесува за една конкретна работа, а тоа е пролонгирање на стариот начин на пензионирање за уште три години.

И тоа согласно предложениот закон, законот стапува на снага на 1.01.2008. Ако ние го изгласаме денес, или ако го изгласавме вчера, или ако го изгласаме по 10 дена законот ќе важи пак од 1.01.2008 година. Немојте да ширите лаги и клевети. Кажете зошто ВМРО-ДПМНЕ не поддржува уште три години да се пролонгира можноста за одење во пензија по стариот закон, односно по навршени години на стаж. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Оливер Спасовски има збор. Повелете господине Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер. Ова е уште една од темите која што заслужува внимание во Собранието на Република Македонија. Тема што ја бараат и граѓаните кои што се засегнати и Сојузот на синдикати на Македонија кои покренаа иницијатива до Собранието на Република Македонија, за што очекуваваме дека ваквата иницијатива ќе биде прифатена од Владата на Република Македонија. Тоа не се случи. Поднесовме Предлог закон за измени токму во овој дел за продолжување на важењето на одредбите кои што се однесуваат за пензионирање по основ на години на стаж. Тоа заврши веројатно, на некоја од седниците како што впрочем се случува постојано кога предлагачите пратеници од опозицијата во Собранието на Република Македонија. Меѓутоа Владата мораше да има еден таков закон за измени и дополнување на Закон за пензиско и инвалидско осигурување за да може да ги оствари нивните заложби во делот на одземањето на солидарниот фонд на пензионерите итн, и неминовно дојде да се расправи за овој амандман за кој што пак пратениците од СДСМ го поднесоа по иницијатива на Сојузот на синдикати на Македонија и на граѓаните кои воопшто се заинтересирани во делот на донесување на ваква една измена на законот кој престана да важи оваа одредба од први септември оваа година.

Мислам дека Владата има многу ригиден став по ова прашање со образложение дека нема доволно средства во Буџетот или дефицитот на Фондот кој што го има. Меѓутоа, мислам дека аргументот дека ова е усогласување со вакви исти примери во земјите од Европската унија па дури и од регионот кој што е во опкружување на Македонија не е силен аргуменет, заради тоа што навистина се остава многу мал простор за приспособување. Тоа за волја на вистината го направи и претходната Влада и имаше негативно мислење по однос на тој став, меѓутоа, пратениците на СДСМ во тој момент одлучија на начин на кој одлучија и овозможија оваа одредба да има важности уште две години, до 2007 годинина, пред се ценејќи ги аргументите кои што ги изнесуваа луѓето кои што се пред се стручни и компетентни во таа област, луѓето кои што се дел од претставниците во Сојузот на синдикатите, па и самите работници кои што се заинтересирани за важење на една ваква одредба. Значи, секаде и во регионот имаме период на приспособување. Затоа впрочем се покрена и иницијатива од женското лоби во Сојузот на синдикатите на Македонија. Таа беше подржана и во тој период, еве и сега се покрена една таква иницијатива и се очекуваше дека ќе се најде на разбирање од страна на Владата овој рок да биде пролонгиран се со цел да може да овие граѓани кои имаат наполнето 35 години работен стаж жени и 40 години работен стаж мажи да можат да го искористат правото на пензија доколку тоа го сакаат или да останат да продолжат да работат до исполнување на вториот услов по однос на старост. Меѓутоа, никако да немеме неколку алтернативи во кои што ќе може да се приспособуваат луѓето заради тоа што пред се начинот на кој што функционира овој систем во Република Македонија, начинот на заштита на работниците во Република Македонија остава простор и можност навистина едно вакво барање да биде оправдано, пред се имајќи ги предвид условите во кои што работат работнците во Република Македонија во сферата на градежништвото, во сферата на текстилната индуструја, кожарската, угостителството итн, и ги оставаме да останат да работат седум, осум или девет години до наполнување на 62 години за жени или 64 години за мажи, притоа не ценејќи дали навистина можат да бидат во состојба да ги остваруваат работните обврски кои што произлегуваат од работното место. Оваа наше

барање или овој амандман е дотолку повеќе поткрепен и од фактот што и самото тоа што се изменува еден дел од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, кое што се однесуваше на утврдување на инвалидноста и ставот кој што Владата го има пренесено преку министерот во ова Собрание и ставот на пратениците кои ја подржуваат Владата или се парламентарно мнозинство укажува на тоа дека има потреба да се подржи еден ваков амандман заради тоа што навистина Владата и парламентарното мнозинство се определија за многу рестриктивни мерки во тој дел. Така да иако не може некој од работниците да ги извршува работните обврски ќе биде ускратен и од правото да искористи надомест кој што му припаѓа за неможност за работа или неспособност, инвалидност итн. итн. Затоа би сакале навистина да имаме законодавство кое ќе се приспособи на законодавството што е и во Европската унија каде се даваат многу поголеми рокови на приспособување, со неколку основи на пензионирање, или како што тоа го имаат државите во соседството, Словенија, Србија, Хрватска, дури и Црна Гора тоа го има одложено до 2013 година, да се применат неколку основи по кои граѓаните ќе можат да бидат пензионирани. Меѓутоа, повеќе од јасно е дека оваа Влада нема сенс, нема слух за барањата на граѓаните на Република Македонија.

Јас неколку пати истакнував и сега ќе го кажам истото. Навистина не ми е јасно, ако премногу се одработи на агендата за Европската унија и НАТО, во Република Македонија, ќе беше нормално да кажеме, да, немаме време да посветиме премногу на граѓаните затоа што многу силно ја одработивме агендата за Европската унија. Меѓутоа, во овој случај навистина не ми е јасно, многу слабо да се работи на оваа агенда за Европската унија, воедно и да не направиме ништо за граѓаните на Република Македонија, постојано рестрикции, укинување на одредени права кои ги имале во овој период, се на грбот на одредена категорија на граѓани. Затоа мислам дека, во име на оние кои гласале за нас, ни дале можност да ги претставуваме во Собранието на Република Македонија, во името на аргументите што самите ги нудат, пред нас и пред Владата, во Собранието на Република Македонија, не треба да останеме глуви на повикот кој го имаат и претставниците на работниците и самите тие и треба да им овозможиме ова право на пензионирање со наполнување на 35 години стаж за жени и за мажи 40 да може се користи, согласно рокот кој е даден во амандманот, значи до 2010 година. Затоа очекувам дека пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, од НСДП и ДПА ќе се одважат, ќе направат се да покажат пред граѓаните на Република Македонија дека во Собранието на Република Македонија по одредени законски проекти заземаат став и мислат така како што самите чувствуваат и како што самите размислуваат по овие отворени прашања и ќе покажат барем еднаш, кога се работи за прашање на работниците во Република Македонија, за нивната состојба во која се наоѓаат, мошне тешка во овој момент, дека нема да размислуваат со главата на Груевски и за тоа верувајте дека ќе добиете признание од граѓаните на Република Македонија. Во спортивно, мислам уште еднаш ќе покажете дека некој друг ја работи работата за вас, едноставно морате да седите и да го стиснете копчето кое ви го пратиле како порака од страна на Груевски и раководството на ВМРО-ДПМНЕ, за што, искрено, ќе жалам и јас и граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван минстре, јас во кратки црти ќе кажам нешто односно не би сакал да должам многу околу овој амандман, бидејќи се беше кажано од претходните говорници. Но, би сакал да истакнам дека овој амандман е продолжување на тоа што фактички важеше до први септември 2007 година, а сега со овој амандман сакаме тоа да го продложиме од причини што имаме луѓе кои, некои сакаат да одат во пензија по овој закон, а некои не сакаат. Сите ние во државата знаеме кој сака, кој не сака да оди во пензија.

Овој амандман, секако е поднесен за оние луѓе кои сакаат да одат во пензија, оние луѓе односно работници кои веќе не можат да ги извршуваат своите работни задачи, или со други зборови кои имаат тешка работа. Јас сум свесен и сите ние сме свесни дека, тоа го искажаа и претходните говорници, се работи за работници кои работат во текстилната индустрија, работници кои работат во градежништвото и работници кои работат на други тешки работи.

За оние, сега да не кажам баш лесна работа, секоја работа си има своја тежина, но сепак физичка работа и работа на државни службеници во образование итн, е полесна работата од причини што тоа не е физичка работа. Но, јас тука би сакал да кажам нешто околу тоа дека има еден дел и од оние луѓе за кои сметаме дека работат не физичка работа, односно луѓе буџетски корисници кои сакаат исто така да одат во пензија, иако овој процент овде е многу мал за разлика од другите гранки кои се со тешка физичка работа. Значи, овој процент е помал, но сепак ќе овозможиме и тие кои сакаат, без разлика дали тој процент ќе биде 5% или 10%, од тие кои ги исполнуваат условите, ќе овозможиме тие да одат во пензија, а да дојдат кадри кои ќе ги заменат односно млади кадри за кои ние сите овде зборуваме дека треба да промовираме млади кадри да ја водат нашата држава, односно одредени служби итн. Значи, ќе се овозможи, ако не 50 или 60%, барем еден мал процент. Колку ќе биде мал не е битно, но ќе биде голем плус за некои млади кадри кои ќе дојдат на тие работни места од кои доброволно ќе заминат луѓето во пензија. Нели сме ние држава, односно оваа Влада се залага за млади кадри, млади и образовани кадри. Еве и овие денови имаме

некоја кампања за зголемување на образованието во Република Македонија каде сега пак се трошат буџетски средства односно средства од граѓаните, за овие кампањи кои можеби чинат стотици илјади евра. Јас тоа не го знам, но тука пред се би кажал, можеби не е местото тука сега да му зборувам на министерот за труд и социјална политика, но почитувани пратеници ние во Република Македонија без разлика што оваа кампања за образованието се одвива, ние имаме кадри кои седат дома, како со средно така и со високо образование, кои не можеме да ги запослиме, а ние трошиме пари за образованието. Ние треба да се ангажираме да ја зголемиме економската моќ во Република Македонија, да ги запослиме овие кадри со високо образование, а и со средно образование, особено со новиот закон кој доаѓа, со десет години задолжително средно образование.

Почитуван министер, моето обраќање односно тоа што јас сакам да го кажам е, можеби еден мал дел, уште еднаш ќе потенцирам мал дел од државните службеници од оние кои работат во буџетски институции, ќе се одлучат и некои сакаат да одат во пензија, ќе бидат заменети со млади кадри кои што туку завршиле високо образование или средно образование, зависи кој како оди во пензија, со какво образование, па еве една шанса за овие луѓе кои наместо да живеат со пензиите на своите дедовци или родители, да им овозможиме сами да си ги заработуваат средствата односно сами да егзистираат во ова општество.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа, Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер, почитувани колеги пратенци. Денес во овој собраниски дом имаме амандман пред себе кој навистина заслужува внимание салата да биде полна и сите да зборуваме по овој амандман.

Точно е дека овој амандман е поднесен од нашата пратеничка група. Сметам дека овој амандман е прифатлив, издржлив, реален и зад него има многу аргументи.

Моиет колеги кои претходно зборуваа доста исцрпно, со прегледи, со табели, со споредби кажаа доста за тоа што е предлогот и што е нашата цел, едноставно, Законот за пензионирање да биде пролонгиран до 2010 година. Тоа значи со 35 години стаж жена, без оглед на годините на старост, и 40 години работен стаж маж без оглед на годините на возраст да одат во пензија.

Зошто зборуваме токму за овие луѓе? Затоа што тие се жртва на транзицијата. Тоа се луѓе, категорија на стечајци, технолошки вишок, луѓе во администрацијата кои не се виновни затоа што нивната младост, младоста на стечајците, на оние што се технолошки вишок, каде останала? По скелињата, до машините. Тоа се текстилни работници, градежници.

Зборувам и за оние кои работат во училиштата и другите установи, каде што имаме млади кадри кои можат да ги заменат добро едуцирани, да пренесат на младите кадри нови знаења, новини кои се во тренд со новото време. Затоа и го поднесовме овој амандман со цел да им дадеме поголем приоритет на луѓето кои се технолошки вишок, стечајците и другите категории на луѓе кои ги опфаќа оваа старосна граница.

Не случајно се јавив да го поддржам овој амандман, затоа што го искажувам истовремено и гласот на граѓаните од Крива Паланка, кој е буквално град на стечајци, град на луѓе технолошки вишок, тоа се луѓе кои се зафатени од бранот на транзицијата и сега цели семејства се останати без никакви примања. Верувајте, има такви семејства не само во Крива Паланка, тоа е најчесто во Источниот дел на Македонија, таму е таа категорија на луѓе.

Да не го повторувам тоа што го кажаа колегите претходно, но мораме да најдеме некое преодно решение.

Сега гледам дека почитуваните пратеници на мнозинството претходно во предизборната кампања премногу им ветуваа на луѓето и јас не гледам токму во овој закон дека има политика. Тие гласаа за нив, сметаа дека ќе им најдат подобро решение, ќе им помогнат, но сега е токму спротивното. Сега се срамат кај стечајците да отидат карши во Паркот на жената, воопшто не зборуваат за технолошкиот вишок, не зборуваат за оваа категорија на луѓе. Каде е сега господинот Груевски, каде е господинот Тито Петковски да проговори за стечајците, затоа што и тој им вети вакво нешто, каде е госпоѓата Лилјана Поповска. Никаде ги нема. Каде се сега да им помогнат? Да помогнат, да поддржат и да им помогнат на оваа група луѓе кои навистина застанаа и го дадоа гласот. Едноставно ги излажаа луѓето, ги излажаа луѓето да им ги земат гласовите, а никако да им го решат нивното прашање.

Мислам дека има преодно решение и можеме да најдеме вакво решение. Точно е дека не постојат идеални решенија почитуван министер Мешков, со кои би се надмиле проблемите во пензискиот систем, во делот на нивната ликвидност од една страна и желбата на работниците за поприфатливи услови за пензионирање. Но едно е многу важно, а тоа го пропагираат и експертите, тоа го пропагираат и многу од невладиниот сектор, тоа го пропагира и Синдикатот. Можеме да решиме само со еден социјален дијалог, секоја земја може да ја најде вистинската мешавина на политички решенија за нивните сопствени приоритети, вредности и средства во реформата на пензискиот систем. Реков и уште еднаш повторувам дека во ова не гледам никаква политика. Едноставно ова е заеднички став, да најдеме преодно решение и на луѓето да им помогнеме онака како што им помогнавме до 1 септември 2007 година, едноставно да го

пролонгираме до 2010 година. За ова треба да се погрижиме сите и на некој начин да ја ублажиме во моментот состојбата во Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам претседателе.

Јас само би поставила прашање, ако се усвои овој амандман го решаваме ли проблемот. На кој начин го решаваме тој проблем кога таква категорија на луѓе ќе останат и после три години. Што правиме со нив? Ќе предлагаме пак некој амандман, некој друг?

На крајот на краиштата мислам дека опозицијата треба да се усогласи за кој вид од која група граѓани интервенира. Прво беше дискутирано за работничките во конфекцијата, потоа за администрацијата, можел некој сам да оди, да се пополнат местата со млади високо образовани кадри. Сега се зборува повторно за категорија вработени во градежништвото, тие места ќе се пополнувале со високо стручни кадри. Ве молам, малку и логика треба во вашето искажување и сметам дека и овој ден, како и многу други денови, ни е изгубен од она што треба да го работиме како законодавен дом. Мислам дека на оваа тема доста се посветивте и ако и понатаму инсистирате да дискутирате по истиот амандман, тоа веќе станува ваша навика за опструкција на Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпога Благородна Цветковска, контра реплика.

**Благородна Цветковска:** Почитувана госпоѓо Дулиќ, ако овие стечајци и овие луѓе кои навистина се мачат го слушаат ова што вие денес го кажавте, како не се срамите. Вие сте и во парламентарниот дом, вие земате и плус материјални средства и од вашата пензија, а овие се без денар пара, а вие сега зборувате за нив. Ќе го решиме проблемот. Пролонгирајте го до 2010 година, ние ќе најдеме начин да им го решиме проблемот на овие луѓе. Срамота е од ваша уста ова да се изрече, срамота е еден пензионер вака да зборува. Па и тие сакаат да остварат право на пензија. Немаме човечност во себе никаква. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, денес доживеавме уште еден сериозен удар на пратеничката функција со претходната изјава дека она што го расправаат пратениците во името на граѓаните на Република Македонија, за што се избрани, од пратениците од власта се карактеризира како изгубено време и мене ми е многу жал што е тоа така. За пратениците од власта единствено не е изгубено време кога само гласаат за законите што Владата ги предложила, без воопшто да се потрудат да излезат и да зборуваат во името на граѓаните кои се избрани.

Лесно и е на госпоѓата Дулиќ и на другите кои што се веќе пензионери и се обезбедиле да имаат таква позиција. Тешко е да бидат вистински застапници на граѓаните, на оние кои што им ја дале довербата да ги претставуваат во овој собраниски дом. Меѓутоа, ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија треба да остане доследна на својот став кој што го имаше во претходниот мандат кога беше во опозиција и кога се залалаше за пролонгирање на рокот за менување на условите за пензионирање, како што СДСМ која што во минатиот мандат го имаше истиот тој став, ги изгласа роковите за пролонгирање и сега го има истиот став, дека роковите за пролонгирање за пензионирање треба да се продолжат за неколку години. За нас тоа не е изгубено време во дебатата, заради тоа што имаме аргументи со кои можеме да ве убедиме, барем се надеваме, оној дел од парламентарното мнозинство кое е малку посовесно и посвесно за своите ингеренции дека треба да собере сила, без разлика на негативното мислење на Владата, да биде вистински претставник на граѓаните, да застане зад овој амандман и да каже дека тоа е во интерес на онаа категорија на граѓани која во еден дел им дале поддршка да ги застапуваат во овој собраниски дом.

Оние што утринава ги следеа вестите сведоци се дека денес во Грција има штрајк генерален заради обидот да се зголеми границата за бензионирање од 55 на 59 години за жени и од 60 на 64 за мажи. Оние кои ја следат континуирано оваа политика знаат дека и во оние европски држави членки на Европската унија има тенденции за пораст на оваа граница, како што спомна и министерот, меѓутоа, од причини што еден добар дел од нив се соочуваат со недостиг на работна сила во одредени категории.

Меѓутоа, јас сакам да кажам, тоа што го истакнаа неколку пратеници претходно дека е лесно да се зборува за овој амандман или за позицијата за пролонгирање на рокот за пензионирање од позиција на вработен во администрација, од позиција на наставен кадар, од позиција на пратеник кој нема чувства за проблемите на граѓаните, а многу е тешко да се зборува од позиција на работник во текстилната индустрија, на работник во градежништвото, на работник во угостителството, рударството, хемиската индустрија итн. Тоа се луѓе кои брзо ја трошата својата физичка сила и едноставно не можат да го издржат тешкото темпо на работа и не можат да издржат пролонгирање на подолг рок на пензионирање од оној што веќе го имаме заради тоа што имаат тешка физичка работа и не може да се споредуваат со другите.

Како што кажа и колешката Цветанка Иванова, и покрај сите предвидувања за крах на пензискиот систем со пролонгирање на две години на овој рок, не се случи ништо радикално. Се случи само тоа што согласно податокот од Министерството за труд и социјална политика само 30% од работниците ја искористиле оваа можност заради тоа што станува збор за категорија граѓани кои навистина не можат да продолжат да работат. Станува збор за граѓани кои се технолошки

вишок, стечајци, станува збор за граѓани кои навистина работат тешка физичка работа и овој услов за нив е најдрагоцен. Заради тоа апелираме да го прифатите амандманот. Ништо радикално нема да се случи, единствено што ќе се случи е дека оној добар дел, да ги наречеме така, жртви на транзициониот период, технолошки вишок и стечајни работници, ќе можат да го искористат овој услов за решавање на нивниот проблем, како и на оној дел на работни места во градежништвото, текстилот, угостителството, рударството, земјоделството и хемиската индустрија и др., побрзо да можат да остварат услови за пензионирање.

Сакам да укажам исто така дека во многу држави различно се категоризанири условите за пензионирање и ако ги видите кореспондентните табели, во секоја држава согласно сопствените потреби ги гради и условите за пензионирање и во ретко која држава имате услов за пензионирање само по основ на стаж или по основ на старост. Во некои држави има и дополнителни олеснителни критериуми за различни категории граѓани, меѓутоа, сега нема доволно време да дискутираме за тоа. Мене ми е многу жал што политиката на овој собраниски дом кон предлози кои доаѓаат од пратениците особено од опозицијата е таква што ги маргинализира, ги става како последни точки на дневен ред, многу често тие не добиваат мислење од Владата и немаме простор да дискутираме за нив. Доколку дискутиравме за нашиот Предлог закон кој што беше предложен на време за да може да се продолжи рокот откако истекуваше крајот на август 2007 година, ќе имавме суштинска дебата за суштински проблем на граѓаните и тогаш ќе имавме можност да дебатираме подлабоко за ова прашање и ќе имавме аргументи ние “за”, Владата “против” и ќе видевме кој ќе беше поуспешен во инсистирањето или укажувањето на тоа кој е во право. Вака, за жал, се доведуваме во ситуација да дискутираме за амандман по ова прашање и лимитирани со време да не можеме да навлеземе подолго во дебата за тоа кои се критериумите за пензионирање во Република Македонија, дали тие треба да се менуваат, заради тоа што тоа е многу легитимна дебата во овој собраниски дом, каде што треба да се отвори на барање на многу категории граѓани во Република Македонија. Инаку, ако ги видите земјите од нашето опкружување, ќе видите дека се далеку пониски од решението кое што е предложено, кое е стапено во сила, а да не зборувам за другите држави членки на Европската унија, каде што реков една од причините заради која имаат тенденција на зголемување на годините за старост е заради тоа што се соочува со немање на работна сила во одредени категории, меѓутоа, не ја надминуваат границата од 60 години, а за жени уште помалку.

Затоа, апелирам парламентарното мнозинство, оној совесниот дел кој е вистински претставник на граѓаните на Република Македонија, да го поддржи овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Еве, во оваа реплика да искористам можност да укажам дека зборуваме за повеќе работи. Амандманот и одредбата се однесува на пролонгирање на рокот за остварување на право на пензија само по основ на стаж, а не треба да полемизираме дали 60 или 62 години, или штрајкот во Грција е заради зголемување на старосната граница. Тоа е една друга дискусија, друга расправа во која треба да дискутираме за условите, дали старосната граница е висока, дали треба да се намалува или зголемува.

Оваа одредба од 2000 година е преку преодните одредби и колешката знае дека многу пати е пролонгирана токму заради тоа што се работи за една категорија на луѓе на која треба да и се даде преоден период кога доаѓате и предлагате ново решение. Но секој преоден период има крајна граница до кога трае, секаде е така, во сите држави. Таа преодна одредба не може вечно да трае, заради тоа што кога ќе дојде и 2010 година повторно ќе имаме категорија на луѓе кои исто така ќе се најдат во таква состојба и повторно ќе бараме во недоглед пролонгирање на една одредба која треба да има временско важење во одреден период. Оваа одредба се пролонгираше од 2000 година до септември оваа година и од поранешната Влада и од оваа и затоа велам како преодна одредба треба еднаш, кога и да е, да престане. Инаку, постојано истото прашање ќе го поставуваме. Друга дилема, друго прашање и дискусија е да зборуваме дали условите за остварување пензија треба да бидат 63 или 67 години, како што оди Франција или други европски држави, или заради условите во Македонија тој услов треба да биде со помала старосна граница, но реков тоа е друго прашање и надвор од овој амандман. Затоа велам да зборуваме за пролонгирањето или непролонгирањето.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Славица Грковска има контра реплика, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван министер, ние тука зборуваме за укинување на едно право кое ние сметаме дека треба да постои, а јас кажав изразувам жалење што вие бегате од дебата по ова прашање и заради тоа кога зборуваме за овој амандман, неизоставно се отвораат прашања кои ја тангираат темата за критериуми за пензионирање, кои гледате во различни држави предизвикуваат огромни реакции. Јас не знам зошто се плашите од отворање на таква дебата и заради тоа нашиот закон го ставивте, претседателе, последен на дневен ред, ние не можевме да дојдеме да дебатираме подолго за ова прашање. Затоа, јас ве охрабрувам друг пат да не се плашите од предлозите на опозицијата, туку напротив, похрабро да истапувате, да излезете со аргументи и тогаш ќе можеме да го разгледуваме прашањето од различни страни. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓо Дулиќ, повелете со вашата реплика, вашите три минути.

**Благородна Дулиќ:** Да се надоврзам на репликата од министерот. Преодно решение не може вечно да трае, а таа категорија на луѓе на која се повикуваат постојано ќе постои. Според тоа, со преодно решение не се решава проблемот, само се замајуваат луѓето.

Ако мислат дека законското решение не е добро, треба да иницираат постапка за измена и дополнување на Законот , а не на ваков начин да ги лажат луѓето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Славица Грковска, повелете со вашата контра реплика.

**Славица Грковска:** Трагично е што претседателот на Законодавно-правната комисија, не знае дека ние предложивме измени и дополнувања на Законот, уште пред да истече рокот кога истекува таа одредба од законот. Тоа е прво. Трагично е што претседателот на Законодавно-правната комисија, не разбрала во овие 15 месеци дека со овој амандман ние во суштина се обидуваме да направиме измени и дополнувања на Законот. Затоа ни паѓаат законите на Уставниот суд, заради тоа што ваков претседател на Законодавно-правната комисија, меѓу другото не разбира која е нејзината функција.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Ви благодарам господине претседател, почитувани колеги пратеници, почитуван господин министер, исто така и јас го пдоржувам овој амандман предложен од страна на СДСМ за изменување и дополнување на овој Предлог закон, од причина што законот гледам дека е доста ригиден и не гледам флесибилност од страна на Владата во пристапот на истата за изготвување закони, кои што закони е добро да ги изготува врз основа на условите и околностите кои што реално постојат тука, не на радикален начин, и истите да ги приспособува врз основа на европските закони. Затоа што и тие, колку што гледам, значи законите на европските земји, според некои податоци што јас ги имам не се толку флексибилни.

Во овој амандман се предлага во законот да се додаде уште еден член, после членот 56, да се додаде членот 56-а, што е ништо друго, освен продолжување на тоа што беше до 1 септември 2007 година. Значи, на некој начин да се пролонгира рокот, така што, ќе има можност лицата, вработените кои се жртви на транзицијата, да им се овозможи на истите, до колку сакаат и до колку имаат потреба да го искористат правото, или да ја искористат можноста, за искористување на пензиски стаж, од причина што, тие нивната младост ја имаат поминато, или можеби се во работен однос на работно место каде што се бара пголем ангажман, посебно физички ангажман, како што е на пример случајот со рударите, илипак работниците кои што работат до машини или на машини, кои што треба да бидат концентрирани и тука се бара дополнителен ангажман и не треба да се чека да се исполни возраста, на пример жената до 62 години да стои покрај машина. Ќе видиме дека нејзиниот придонес нема да биде на високо ниво, ќе имаме и дополнително искористување со трошење на средствата за болнички лекувања и истите ќе бараат лекарска помош и ќе одат на болнички лекувања или одмор и на тој начин ќе имаме поголемо искористување и трошење на средствата, а нема да имаме продуктивност во државата. Наместо тоа, би било добро да се оствари можноста младината да се вработи и на тој начин ќе им помогнеме на младите, кои што ќе ја искористат можноста за зголемување на нивниот стаж и после и нивното пензинирање, до колку тие се чувствуваат способни, нека чекаат да се пензинираат по вториот услов од возраста. Нормално, дека тоа ќе го чекаат вработените во образованието, вработените во јавната администрација и т.н. Меѓутоа, истото не може да важи за сите. Зошто да не им се даде можноста, тие да ја изберат можноста и на тој начин со овој член ќе може да им се помогне многу. Младината која што талка по улици, иако е квалитетна и има разни дипломи од разни степени на образование, сепак остануваат на улица и на овој начин ќе се овозможи колку толку овој број да се намали и да се заменат овие работни места и со тоа на некој начин ќе се ублажи ситуацијата во нашата земја. Знаеме дека нашата иднина е младината и знаеме дека сите ние се ангажираме колку побрзо, толку порано да ја инкорпорираме младината во работа и н аовој начин нашата држава ќе биде многу попродуктивна.

Токму од оваа причина апелирам Владата да не продолжува и понатаму со својот ригиден пристап во изготвувањето на законите, овозможувајки на некој начин да влијае и нашата реакција на овој начин, бидјеки има вакви говори од овој стил и долги говори, да види Владата дека нешто не е во ред и да се врати малку наназад, да стане малку по флексибилна во изготвувањето на законите и за да добие мислење од другите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплики нема.

Господине Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседател, почитувани колеги пратеници, можеби некој го нарекува овој амандман политичко делување и јас би го сметал, или би го нарекол со сосема поинакво име, значи амандман за кој што имаат потреба граѓаните на Република Македонија, колку толку за олеснување, што би било во нивна полза. Јас го забележувам случајот дека до септември 2007 година требаше да заврши тој дел на олеснување, или пак на премин во пензија на една категорија вработени, или работници во Република Македонија, врз основа

на работниот стаж, значи 35, односно 40 години. Јас мислам дека можеби не е толку виновно ова Министерство, колку што можеби во минатото требаше наместо да биде 2007, да биде 2010 година и сега немаше да имаме некој ваков амандман. Меѓутоа, како и да е, мислам дека врз основа на оваа расправа и дискусии кои што течеа од страна на пратениците од опозицијата, во насока на надминување на оваа моментална ситуација, сметам дека ќе беше добро Владата да интервенира, можеби со некој свој амандман и да го сензибилизира овој случај и да се надминат можеби тука, да не ги наречам во наводници овие тензии во оваа насока, политички тензии околу овој амандман и законот во целсот.

Мислам дека требаше да се интервенира и тоа да се продолжи до 2010 година рокот, септември 2010 година, значи плус две години и врз основа на календарот, значи до 2010 година, кој сака да оди со работен стаж од 35, односно 40години, кој сака со пензионирање со старосна пензија.

Што значи, овие се две прифатливи варијанти, со кои што немаше да се ограничи тоа, илипак нема да се лимитира 35 од женскиот пол и 40 со работен стаж од машкиот пол на работници и тоа ќе биде многу отворена опција и кој сака и со старосна пензија да оди во пензија да оди. Ќе го образложам тоа со тоа што тие што одат во пензија со 35 или 40 години работен стаж во пензија, нека биде тоа степен на пензионирање, или на нивните месечни примања да биде малку со понизок степен на дневни лични примања, додека тие ја исполнат старосната возраст. Значи 64 - 65 години и т.н. Што значи, тоа е многу поприфатлива опција за надминување на една двогодишна фаза, што значи, можеби нема многу да го оптовари пензискиот фонд и Буџетот на Република Македонија во целост. Мислам дека со ова ќе се отвореа колку толку, можеби тоа не е и долг период од две години, меѓутоа, колку толку ќе се олеснеше начинот на ангажирање на младите на нови работни места, со што ќе се елиминираше од друга страна и социјалната појава на категориите како што се технолошки вишок, како што се стечајните работници, кои што останале ни ваму ни таму и останале на милост наша, да кажам условно, на милост на времето и Господ знае за тоа како ќе се реши нивниот статус, статус на стечајни работници.

Другата категорија навистина е интересно тука да се каже, како што знаеме ние од минатото дека во 50-тите или 40-тите години, во недостаток на работна сила, еден значителен број на млади, можеби без да наполнат 18 години, тие биле ангажирани на работни места, кои што значителен дел од нив работеле на физички работни места, посебно после Втората светска војна се работеше за повторна обнова на земјата и на државата, после воените операции од 1945 година и Втората светска војна и тој голем број на млади коишто биле ангажирани под 18 годишна возраст, сега да ја чекаат старосната возраст да се пензионираат, мислам дека тие луѓе се истрошени физички, можеби и психички и како тие ќе можат да се соочат, или да ги надминат и овие можеби 4, 5 или 7 години и т.н. додека го достигнат тоа право на пензионирање. Или пак кога ќе почнат да стартуваат рудниците во Република Македонија исто така во младоста биле ангажирани на работните места и сега тие како ќе можат после 60 годишна возрат да продолжат со стотици метра во длабочина или во вертикала или во хоризонтала во рудниците да вршат физичка работа. Некој поставува прашање како може идните генерации тоа да го прават. Јас сум многу скептичен во однос на тоа дека некој што се вработил на овие работни места после 80-тите години, како што е во градежништвото, во рударството, никој не е вработен на 18 годишна возраст, туку после 25, или можеби 30 годишна возраст на тие работни места како недостаток на друга работа. И тие колку толку можат на некој поправичен начин да ја надминат оваа фаза.

Вработените во градежништвото, како може еден работник од 60, или над 60 години да се качи на скела или на 10 или 20 спрата да работи како градежен работник во градежништвото. Ние сме млади и имаме страв да се качуваме на големи височини. Кој ќе биде потенцијалот или нивниот вистински професионален капацитет да ја извршат својата обврска или задача. На пример во образованието во 50-тите години, до 60-тите години многу наставници кои што биле вработени во основно образование биле со таканаречено нормално училиште кои што се вработиле во училиштата како учители од прво до четвртто одделение. Тие го достигнале работниот стаж како учители уште од одамна, значи, значителен број од истите. Зошто нив да не им се овозможи да поминат во пензија, затоа што веќе нивниот потенцијал и капацитет веќе го имаат одамна надминато. Нека се пензинираат и да им се овозможи на младите луѓе коишто навистина можат да придонесат, посебно вообласта на образованието и воспитанието на малдите генерации во Република Македонија.

Значи, овие се едни од главните елементи кои што мислам сега веќе како што доаѓаат нови предизвици, новитети во воспитнообразованиот процес, денешната младина е малку пообразована и повоспитана и може да се соочи со истите. А со тоа ќе се намали и степенот на невработеност во Република Македонија во целост.

До колку нема интервенции, а изгледа и нема да има амандмански интервенции од страна на Владата на Република Македонија,ние како парламентарна група ќе гоподржиме овој амандман на парламентарната група на СДСМ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Овде ја прекинувам седницата за еден час, за ручек.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15.06 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Збор има господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Навистина ова е ретка можност, предизвик да се говори во собрниската сала само пред двајца пратеници на ВМРО ДПМНЕ. Меѓутоа, тоа го покажува односот не само на ВМРО ДПМНЕ, туку и на Владата кон Законот за пензиско и инвалидско осигурување, односно кон правата на осигурениците на лицата, односно за овој амандман конкретно што говориме за правото на остварување на пензија, толку се заинтересирани од владеачката партија да ја следат расправата и да им помогнат на овие лица. Но, затоа опозицијата е тука. Ние до крај ќе инсистираме на нашиот амандман кој оди во корист на овие лица кои под поповолни услови сакаме да си ги остварат своите права од пензиско и инвалдско осигурување.

Нашиот амандман по кој денеска дебатираме е на осигурениците кои на 1 септември 2000-та година имале најмалку исполнет пензиски стаж од 30 години за маж, односно 25 години за жена, павото на старосна пензија да можат да го остварат со исполнување на навршување на 40 години пензиски стаж за маж, односно 35 години за жена и тоа без оглед на возраста најдоцна до 1 септември 2010 година. Тоа значи дека сакаме овој рок да го продолжиме за 3 години кој истече на 1 септември оваа година 2007 до 1 септември 2010 година. За потсетување минатата влада на СДСМ еднаш веќе интервенираше во овој закон и го продолжи рокот за две години од 2005 до 2007 година. Сега оваа Влада не сака да им помогне на овие лица што буквално се ниту ваму, ниту таму, немаат доволен број на години на стаж, немаат друг основ по кој можат да остварат право на пенија. И затоа сакаме, а нема друг начин како да бидат вработени, како да бидат згрижени, преквалификувани,значи државата, односно Владата на ВМРО ДПМНЕ не им нуди алтернатива во меѓувреме да се погрижи за нивната социјална положба. И затоа сме приморани со една ваква интервенција во законот да дадеме дополнителен период од три години за да овие лица врз основа на овие критериуми 35 години за жени, односно 40 години за мажи пениски стаж без оглед на возраста до 2010 година кои ќе навршат да можат без оглед на возраста да се пензионираат по основ на право на старосна пензија. Значи, она што е многу симптоматично за однесувањето на оваа Влада кон оваа категорија на лица е следново. Владата го нема во предвид тоа што се засегнати не само лични судбини, туку и семејни судбини, судбините на нивните семејства. Знаеме дека кај овие лица кои се претежно работници во градежништвото, во текстилната индустрија, во рударството, или се на пример технолошки вишоци, или стечајни работници, најчесто социјалната положба на нивните семејства исто така е лоша, односно не се вработени и останатите членови на нивните семејства. Значи, Владата не нуди никакво решение и нема чувство дека можеби за некколку месеци, да не речам за неколку години не сака да им помогне и да им овозможи да го остварат правото на пензија, не знам од кои причини, веројатно тие пари Владата мисли дека понаменски би ги искористила за сопствена промоција, за сопствени реклами, дека тие пари би вределе, би биле покорисни за самата Влада отколку за овие лица кои не можат ниту да работат, кои не можат ниту да остварат право на пензија. Има една народна поговорка која вели: ако не можете на човек да му дадете риба, т.е. во случајов работа, научете го да ја фаќа сам рибата т.е. во случајов Владата да ги вработи тие луѓе. Ако навистина нашата држава на чело со Владата на ВМРО ДПМНЕ и премиерот Никола Груевски, направи економски бум е толку економски моќна, гледаме дека нема нови вработувања. Што тешкотија претставува за оваа држава неколку стотини, па нека бидат и неколку илјади ваква категорија на работници што се ниту ваму, ниту таму, за неколку месеци, или за неколку години што не можат ниту да работат, ниту да се доквалификуваат, ниту со оглед на природата на нивната дејност, или работа можат да ја обавуваат понатаму физички работата, затоа што најчесто станува збор за работници. Ако државата е толку моќна и јака, зошто на пример не им обезбеди соодветна работа? Еве, значи да им овозможи на овие луѓе сами да си ја заработат платата, ако веќе не сака да ги пензионира, ако веќе не сака да ги сожали, условно речено, да ја спроведе социјалната компонента на Уставот на Република Македонија, да ја спроведе својата социјална програма со која ветуваше на избори дека ќе се грижи за овие категории на луѓе. Значи, можете ли да објасните зошто и во чиј интерес работи оваа Влада, односно каква социјална политика води. Дали со социјалната политика треба да направи нешто добро и корисно, нешто хумано за ваква категорија на луѓе или да направи нешто лошо, или да ги заборави едноставно овие луѓе. Не добивме никакво образложение, ниту со бројки, ниту со други факти што е тоа што ја спречува Владата, или кој е тој повисок интерес на државата отколку судбините на овие луѓе. Дали една човекова егзистенционална семејна судбина е повредна од некои партиски, или Владин интерес, да не речам државен интерес, затоа што државен интерес за ВМРО ДПМНЕ е само партискиот интерес, или личниот интерес на поединци од оваа извршна власт. Кои се приоритетите на оваа Влада, дали државата ќе осиромаши. Ако не осиромашува државата за стотици и милиони евра, на пример за рекламни кампањи и економски промоции, мислам дека тие пари, дел од тие пари можат многу поефективно да бидат пренаменети за оваа категорија на лица. Зн ачи, овие лица кои се во еден вакум простор кои по ниеден основ заради транзицијата, технолошки вишоци, стечајни

работници, не можат да се пензионираат по ниеден основ, ова би било многу корисен, хуман гест на државата со која ќе ја покаже навистина загриженоста за нивните судбини и ќе покаже дека води сметка и за сиромашните. Не може оваа држава да води сметка само за интересите, за бизнисите, за привилегиите на оние кои се во власта на еден потесен круг на луѓе кои се околу премиерот, да речеме, а не да води сметка за оние граѓани кои чесно и скромно си ја заработуваат својата плата. Затоа уште еднаш апелираме, ако не сте во состојба, затоа што обично се правдате во недостаток на аргументи, дека ваквите случаи ќе сте ги решавале со други економски политики, со други програми, со други проекти, за кои до сега не чувме алтернатива да го прифатите амандманот на СДСМ и на опозицијата. Значи, немате вие што подобро да понудите, а во недостаток на подобро решение ова е најдобро. Ако мислите дека имате нешто подобро што ќе биде прифатливо за оваа категорија на луѓе, слободно понудете го, ние ќе ви го гласаме законот. Меѓутоа, вие молчите. Секое немање на решение, или секое одолговлекување, или не решавање на овој проблем е само на штета на овие работници. Значи, не гледам како вие мислите да ги решавате проблемите во оваа држава што објективно постојат. Не можете да се правите слепи и да мислите дека ако им е убаво и дека ако убаво живеат и дека ако не ги чувствуваат тие маки луѓето од извршната власт, дека на сите други им е убаво. Малку морате да се спуштите на земја, да излезете од вашите затворени кабинети и блиндирани возила и да видите како живеат и како им е и што најмногу им треба на оние обични луѓе, обични работници за кои ги правите измените на овој закон. Веројатно измените не ги правите за министрите и директорите на власта и на ВМРО ДПМНЕ.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседател, почитувани колеги кои што сте присутни во салата, за жал сте многу малку, почитуван заменик министер веќе петти или шести ден дебатираме околу измените и дополнувањата на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. И покрај нашите обиди да го спречиме донесувањето на ваквиот рестриктивен закон кој оди на штета и на осигурениците и на пензионерите, очигледно дека владеачкото мнозинство има намера истиот да го донесе и да ги влоши условите под кои што луѓето ќе можат да се пензионираат, или според кој што ќе може да ги остварат своите права по основ на пензиско осигурување. Само во текот на вчерашниот ден додека дебатиравме многу граѓани, дел пензионери околу солидарниот фонд се јавија и кажаа дека не сакаат прво да се сели солидарниот фонд под капата на Фондот и поставија некои прашања кои што за жал сега не знам дали ќе може да ги одговори, иако е амандманска расправа, заменикот министер. Значи, пензионерите се интересираат дека има случаи каде што во нивните здруженија тие плаќаат солидарен фонд и за своите сопруги, значи за своите најблиски, иако тие не се осигурени, или не земаат пензија. Што ќе се случи со тие средства кога Фондот ќе ги преземе овие парични средства да ги управува, затоа што тоа е волјата на владеачкото мнозинство. И околу амандманот за комисијата да може осигуреникот само дури по една година да се јавува на повторен преглед за утврдување на инвалидност. Се јавија многу граѓани кои што кажаа дека тоа не е вистина. Прво, дека на секои три месеци се бараат нови документи од страна на осигурениците доколку сакаат да одат со што се изложуваат на нови трошоци и дека има случаи кога луѓе навистина со исти медицински документи по третиот, четвртиот пат го остварувале правото на пензија. Значи, во текот на вчерашниот ден министерот за труд и социјална политика не ни кажа точни информации по однос на овие два амандмани. Доколу сака заменикот министр , би сакал да одговори на дел од овие прашања.

Во однос на амандманот, значи со овој амандман ние имаме поднесено и закон за истото решение кој што за жал владеачкото мнозинство не го става на дневен ред, едноставно како 25-та, 26-та точка на некоја од седниците кој што веројатно нема никогаш да дојде на дневен ред и се однесува на правото на остварување на пензија по основ на стаж, години на стаж. Знаеме дека до 1 септември о.г. важеше правото за пензионирање по два основа, односно по основ на старост и по основ на пензиски стаж кој што изнесуваше 40 години за мажи и 35 години за жени. Иако праксата е кога првите реформа посебно во таква значајна област како што е пензиското осигурување рокот за спроведување на реформите да биде подолг, или околу 10 години, владеачкото мнозинство се реши да не го продолжува овој рок. Денеска слушнавме многу дискусии од типот и по пет години ќе се јават други, па не е ова решение итн. Но, факт е дека многу луѓе во моментот само поради тоа што не можат по основ на стажот да остварат право на пензија, сега мораат и повеќе од пет години, четири години да чекаат под Бирото за вработување за да остварат право на пензија, иако имаат 40 години стаж мажи, или 35 години стаж жени. Значи, не можат. Има случаи кога дури и за еден ден, за една недела, за еден месец не можат да го остварат ова право и навистина во една ситуација кога што економско социјалната положба на повеќето граѓани во Република Македонија е многу лоша, Владата се фали дека има многу добар прилив на средства во Буџетот, еве и во Фондот, не се најде волја да им се помогне на овие луѓе да го остварат ова право за пензија во најмала рака да испредначат со предог од Владата, еве нека не бидат пет години, повторно нека бидат две, три години. Навистина има тешки ситуации, можеби за тие неколку години ќе се подобри стандардот на граѓаните, иако како е тргнато лично не верувам, напротив,

само се влошува секој ден и ќе можеше можеби да се направи. Во оваа ситуација кога луѓето немаат доволно средства за егзистенција, кога секој ден растат цените во продавниците и не можат да преживеат, мислам дека Владата требаше да го прифати ова решение и да продолжат да важат двата основа за остварување на право на пензија, односно и старост и години на стаж.

Навистина Владата не понуди повторно ниту колегите пратеници од владеачкото мнозинство зошто се против ова решение, зошто не сакаат да го прифатат, а постојано ги слушаме и гледаме како многу се грижеле за доброто на граѓаните, но кога ќе дојде практична потреба тоа да го докажат со конкретен проект, не го прифаќаат. Таков е случајот и со стечајците и со пензионерите, зборуваме и за многу други права кои се стеснуваат во Република Македонија и навистина мислам дека се повеќе луѓето стануваат свесни дека вака не може долго да се издржи со ова темпо на растење на цените, а не подобрување на животниот стандард, луѓето тешко дека ќе опстанат, а уште потешко дека ќе и веруваат на Владата дека навистина тоа што го прави за добро на граѓаните кога не можат да го почувствуваат.

Колегите пратеници не се во салата да апелирам до нив, ова не е некое многу тешко решение за Владата, мислам дека нема многу финансиски средства да предизвикаат трошок во Буџетот, да го поддржат амандманот, да овозможат луѓето и по основ на старост да го остварат своето право на пензија, едноставно да им овозможиме малку во овие тешки времиња да ги поминат со пензија која ја заслужиле. Замислете човекот работел 40 години или 35 години сега вие му велите ако има 60 години чекај уште четири години додека добиеш право на пензија, а 40 години делел за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Мислам дека не е вер однос на државата спрема граѓаните и ваквите рестриктивни мерки одат на нивна штета.

Исто така се јавува проблем и во Законот за работни односи, почитуван заменик министер, а тоа е дека Уставниот суд укина неколку членови, посебно членот 104 кој се однесуваше на можноста работникот да биде испратен во пензија и сега има многу недоречености во овој закон. Дали Министерството за труд и социјална политика планира и во овој закон да интервенира, бидејќи онака како што е сега, со членовите кои беа укинати на Уставен суд навистина Законот за работни односи во делот на остварувањето на правата од пензиско и инвалидско осигурување е непроменлив.

Затоа колеги пратеници ве повикувам да собереме храброст, посебно колегите од владеачкото мнозинство, да го поддржиме амандманот. Навистина може само добро да испадне од ова, а во никој случај не може да испадне нешто лошо, бидејќи ако некој работел и стекнал право на пензија, сега да не може да го оствари е навистина голема штета и затоа ве повикувам во интерес на граѓаните амандманот да го поддржите. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседетеле, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Навистина можам да искажам жалење што гледам многу мал број пратеници од парламентарното мнозинство затоа што тоа што го кажувам точно дека е демократско право кој ќе биде во салата, кој нема да биде во тој момент. Меѓутоа, со оглед на тоа што заменикот министер го одби овој амандман, очекував дека со аргументите ќе успееме да ги разубедиме пратениците од парламентарното мнозинство да дадат поддршка на овој амандман. До толку повеќе што, само да потсетам, еднаш се случи ова во изминатиот мандат кога парламентарното мнозинство беше составено од коалицијата "За Македонија заедно" и ДУИ имавме изгласано. Можеби тогашните министри не се согласуваа, јас не знам околу тоа да се одложи со закон времето или условите со кои можат граѓаните да остварат право на пензија.

За жал, овој пат не ја гледам таа доблест, храброст или желба на пратениците од парламентарното мнозинство да излезат во пресред на граѓаните на Република Македонија затоа што бидете убедени секојдневно ни се обраќа значителен број на граѓани пред се морам да истакнам жени и мажи кои се бават со тешка физичка работа, а почнале многу млади да работат и со тоа ги исполниле условите од предвидениот закон за да можат да се пензионираат со најмалку исполнет стаж од 30 години односно 25 години жена да можат да остварат право на пензија.

Навистина не можам да ја разберам логиката на ВМРО-ДПМНЕ пред се затоа што тие беа тие во нивното претходно владеење од 1998 до 2002 година иако имам чувство дека пратениците од ВМРО-ДПМНЕ заборавиле дека ВМРО-ДПМНЕ беше на власт во периодот од 1998 до 2002 година, па тие четири години и во вчерашната реплика на еден од колегите од ВМРО-ДПМНЕ ми беше кажано дека 15 години е СДСМ на власт. Значи за време на нивното владеење од 1998 до 2002 година беше донесен Законот во кој се укинуваше можноста за оствувања на пензија по било кој друг основ освен по години на старост. Меѓутоа, како што кажав, ние пратениците со амандман кој беше поддржан од пратениците од парламентарното мнозинство секако дека и тогаш имавме поддршка од пратениците од тогашната опозиција, а сегашно парламентарно мнозинство, овој рок беше одложен до септември 2007 година. За жал, веќе тоа не важи и голем број на осигуреници се најдоа засегнати со примената на законското решение донесено во времето на претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ.

Почитувани колеги пратеници од парламентарното мнозинство. Ако сакате да покажете дека искрено се грижите за граѓаните и подеднакво се однесувате кога сте во опозиција и дел од парламентарното мнозинство, очекував дека ќе соберете храброст и ќе имате доблест да го изгласате овој амандман. Тоа не е мое барање, тоа не е барање на опозицијата, тоа е барање кое пратениците од опозицијата го преточија во амандман поттикнато од обраќањата на голем број граѓани.

Колегите пред мене објаснуваа што значи да се работи до 62 односно 64 години за одредени професии и за одредени осигуреници, поготово ако се има во предвид дека од нив има луѓе кои се бават со тешка физичка работа, а својот работен стаж го отпочнале дури од 18 години.

Зошто на овие луѓе да не им се даде право да добиваат пензија. Мислам дека аргументите кои и тогаш ги имаше опозицината ВМРО-ДПМНЕ и сега се исти, ништо не се изменило во овие две години во Република Македонија така што навистина не гледам ниту еден противаргумент кој може да го изнесе било кој од пратениците од владеачкото мнозинство и да каже од тогаш, значи од кога пратениците сами го изгласаа тогашниот Закон за продолжување на важење на стариот Закон до 2007 година, не гледам ниту еден аргумент зошто сега да не може да се прифати овој амандман.

Уште еднаш ве повикувам, вие сте избрани, почитувани колеги, од народот. Не знам колку сега се движите меѓу граѓаните, меѓутоа, верувајте ова што сега се нуди како амандман го бараат најмалку 80% од осигурениците. Луѓето ни се обраќаат и при средбите кои ги имаме со нив и во нашите канцеларии, ни се обраќаат и на улица поготово оние кои навистина го исполнител едниот услов, работат тешка физичка работа, а од друга страна знаеме дека со ова ќе се овозможи да се ослободат работни места за да можат илјадниците млади луѓе кои ни шетаат по улиците без работа и живеат на грбот на нивните родители да работат тие, а не да работат родителите. За сигурноста и животот како го доведуваат во опасност овие луѓе кои работат тешка физичка работа. градежните работници на 64 години да се качуваат на скеле, земав само еден пример, мислам дека сите знаете дека е апсолутно нелогично дури би требало, почитувани колеги од ВМРО-ДПМНЕ тоа да ве загрижи.

Со усвојувањето и гласањето за овој амандман ќе покажете дека навистина водите грижа барем за оваа категорија на граѓани. Не се бара ништо друго, туку се бара да се одложи до 1 септември 2010 година, а до тогаш да се види дали можеби ќе се најде некое подобро законско решение Законот кој денеска е на дневен ред мислам на Законот за пензиско и инвалидско осигурување да претрпи некои посериозни измени. Немојте да кажете дека ова што вие го нудите или затоа не го прифаќате бидејќи имаме усогласување со европското законодавство. Не е така почитувани колеги, погледнете ги годините и условите кои ги имаат многу земји кои се членки на Европската унија. Таму има можност за пензионирање и на 60 години старост.

Сега не би сакала да се повторуваат компаративните анализи кои овде многу пати беа изнесувани, впрочем и во изминатиот мандат кога пратениците, најголемиот број, излегоа со Предлог на закон ова законско решение да се одложи до 2007 година ги има изнесено сите аргументи и компаративни анализи.

Ве молам уште еднаш навистина овој пат ве замолувам во името на граѓаните, во името на сите оние кои веќе ги наполниле потребните години на работниот стаж, кои своето го одработиле и не можат повеќе да одговорат на работните задачи на своите работни места да им овозможиме да добијат право на пензија односно да си остварат пензија и барем неколку години да живеат достоинствено, а со тоа, како што реков, да се овозможи нивните деца да можат да бидат врботени. Благодарам**.**

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои се во Собранието, а сеуште не влегле во салата, да повелат да влезат и да ги заземат своите места, треба да гласаме.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, наскоро ќе гласаме.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 17, воздржано 1, против 41.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 58, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Оливер Спасовски и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер, повелете.

**Ајдуван Мамудов:** Благодарам господине претседател.

Амандманот не се прифаќа.

Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Со оглед на тоа што станува збор повторно за амандман тесно поврзан со прифаќањето односно одбивањето на нашиот предлог да се избрише членот 28, овој амандман станува беспредметен и затоа го повлекуваме.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен

Отворам претрес по амандманот за менување на новиот член 98-а, поднесен од пратениците Јани

Макрадули, Игор Ивановски, Весна Бендевска и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер, повелете.

**Ајдуван Мамудов:** Благодарам господине претседател.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати овој амандман.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Откако Предлог-законот за измена и дополнување на пензиско инвалидското осигурување стапи во собраниска процедура, Владата во ноември изреагира со свој амандман, кој за интерес на јавноста би сакала повторно да го прочитам.

Гласи од 1 јануари и од 1 јули секоја година, а до 31 декември 2009 година Владата на Република Македонија може да утврди повисок процент на усогласување на пензиите од процентот на усогласување утврден согласно член 37 од овој закон.

Во образложението господине заменик министер сте навеле, со оглед на тоа што сте претставник на предлагачот на овој амандман дека со оваа измена се овозможува повисок износ на усогласување на пензиите заради фактот што секоја година учеството на просечната пензија во однос на просечната плата се намалува со што се намалува реалната вредност на пензијата.

И тоа би било во ред доколку не сте го навеле следниот став како објаснување зошто Владата го поднесува овој амандман. Вели, “усогласувањето според оваа одредба ќе се врши секоја година, почнувајќи од 01.01.2008 година врз основа на одлука на Влада” и внимавајте, “според материјалната можност на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување односно Буџетот на Република Македонија”. И тука, во овој грм лежи зајакот. Значи Владата не се обврзува дека ќе ги зголеми пензиите, бидејќи самото зголемување на процентот на усогласеност зависи од еден многу битен факт, дали Фондот ќе поседува средства со кои ќе може да се испаќа зголемени пензии на територија на Република Македонија.

Па би сакала директно да ве прашам, господине заменик министре, формулацијата “може” според вас, дали има облигационо дејство, односно дали токму овој амандман ќе обезбеди навистина од 1 јануари пензионерите да добиваат зголемени пензии. Бидејќи да потсетам, премиерот во своја изјава најави зголемување од 20% следните три години.

И самите економски експерти утврдуваат, како што реков и минатиот пат, дека математиката на премиерот е весела, но стварноста е тажна. Експертите велат дека практично е неможно согласно одредбите од овој закон да се постигне толкаво зголемување од 20% во следните три години. Вие, господине заемник минстре, во вашиот предлог ја изменивте одредбата согласно која трошоците на живот учествуваат со 80%, а порастот на платите со 20% и тие се двете варијабли од кои зависи реалната висина на пензии. Вие, во овој закон предвидувате овие две варијабли да учестуваат рамноправоно, 50% усогласувањето на пензиите да зависат од порастот на платите, 50% од порастот на трошоците на животот.

Претпоставувам дека Владата најмногу очекува зголемување на оној дел што ќе отпаѓа на порастот на плати, сметајќи дека 10-те проценти на зголемување на платата кај јавната администрација ќе повлече зголемување на усогласувањето на вредноста на пензиите, но не е така. Од 520 илјади вработени бројот на вработени во јавна администрација кои навистина доживеаа 10%-тно покачување на платите изнесуваат само 25%, односно една четвртина. Така да зголемената плата во јавната администрација нема да влијае врз процентот на усогласување на пензиите односно до реален пораст на пензиите во Република Македонија.

Статистички пак порастот на индексот на трошоците на живот е минимален. Ова е став на Здружението на пензионери. Според нив, ако за 6 месеци платите се зголемат за 5 до 6% тоа ќе влијае на зголемување на пензиите најмногу 2,5 до 3%. Ефектот од индексот на трошоците на живот пак, кој е помал, ќе биде плус максимално 1% и тоа ќе услови од оваа весела математика, реална можност пензиите да бидат зголемени со максималец 4 процентен износ на година, односно доколку се исполнат буквално сите овие варијабли во идеална мера, реално нема да може следните три години пензиите да пораснат повеќе од 12%. Но, тоа е само една страна на медалот.

Да потсетам дека порастот на цените на основните продукти е драстичен. И тоа најмногу цената на храната. И вие многу добро знаете дека најверојатно од 1 јануари ќе следува и драстично поскапување на цената на електричната енергија, тоа е факт, кој во пресрет на новогодишните празници едвам се убедувате да го сокриете, но реалноста е сосема поинаква.

Значи, од една страна Владата не била наивна кога го формулирала својот редлог амандман со “може”. “Може” не и дава облигација, бидејќи нема Владата реално да придонесе со овој амандман за реален пораст на пензиите на територија на Република Македонија.

Е токму заради тоа, бидејќи категоријата пензионери во Република Македонија како што и веќе нагласив, заслужува приоритет особено од страна на пратениците во Собранието на Република Македонија, бидејќи навистина во овој транзициски период тие се хероите на транзицијата. Врз нивен грб егзистираат навистина многу број семејства во Република Македонија и затоа заслужуваат реален пораст на пензиите.

Нашиот предлог е овој амандман поднесен од Владата да биде видоизменет и тоа да гласи:

“Владата на Република Македонија за следните три години, односно 2008, 2009 и 2010 година ќе утврдува, (значи ќе има облигација,) ќе мора да утврди повисок износ на усогласување на пензиите на годишно ниво доколку членот 37 од овој закон не се постигнува пораст на пензите од 10% на годишно ниво”. Знаете што значи господине заменик министер овој амандман? Материјализација на медиумската кампања на премиерот кој излегува и соопштува реален пораст на пензиите од 20%. Со овој нивни амандман шанса нема тоа да се исполни. А со нашиот амандман тоа ќе се постигне и тоа не дека ќе сака Владата бидејќи ќе мора ќе има законска обврска тоа да го направи.

Дебатираме долго време околу овој закон и јас сметам дека ваквиот предлог од страна на Владата беше изнуден од драстичните реакции од страна на Сојузот на здруженијата на пензионери во Република Македонија кои јасно и гласно го дигнаа својот глас против солидарниот фонд да влезе и да биде манипулиран од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Ваквиот амандман значеше само едно, обид да се амортизира ударот на јавноста преку еден амандман кој, мислејќи дека ќе ги замолчи устите на пензионерите ветувајќи од една страна дека ќе им ги земе личните средства што ги уплаќаат во солидарниот фонд, од друга страна со тие средства да им исплати, по некои проценки, зголемување максимално од една просечна пензија на која отпаѓаат 60% од вкупниот број на пензиите во Македонија цели 240 денари месечно. За 240 денари може да се купи само килограм од најефтиното месо, но како што реков тоа ќе важи до 31 декември бидејќи цената на месото од први јануари, како што најавуваат од фелата, ќе биде драстично зголемена.

Е токму заради тоа, доколку Владата навистина има интерес да работи во корист на пензионерите во Република Македонија, повикуваме господине заменик министер, да го ревидирате својот став околу нашиот амандман и да дадете согласност, односно Владата да го прифати и да стане составен дел од овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе. Почитуван заменик минстре,

Вие го кажавте својот збор и јас ќе се обидам да ги убедам членовите на парламентарното мнозинство слично како што некои, затоа им се заблагодарувам, затоа што гласаа за претходниот амандман бидејќи ги прифатија аргументите на опозицијата, се надевам дека и сега ќе најдеме подршка кај некои пратеници од ВМРО-ДПМНЕ за нашиот амандман.

Амандманот на Владата содржи едно зборче кое се вика “може” и ние сакаме реалната желба и очекувањата на пензионерите, тоа зборче “може” да го направиме во императив за Владата. Не мислам дека Собранието треба да носи закони во кои што има збор “може”, бидејќи тоа значи дека и не мора. Затоа амандманот што е предложен од пратеничката група на СДСМ се однесува на облигаторна задача за Владата да навистина исплати пораст, исплати покачување на пензиите.

Инаку, и во расправата зборувавме дека реалното покачување на пензиите може да се случи во март со февруарската пензија, кога на крајот од јануари од Заводот за статистика ќе се добие пресметката за последните 6 месеци.

Она што нас посебно не загрижува и тоа се обидовме при дебатата за солидарниот фонд да го спомeнеме е образложението на амандманот во кој што се вели дека исплатата ќе се врши “можеби” според материјалата можност на Фондот. Затоа не само Сојузот на пензионерите туку и сите оние кои ги читаме законите, а што знаеме како работи Владата, ние ова го читаме дека, ако му одговара маркетиншки на Владата тоа ќе го направи, а ако не и одговара нема да го направи. Ако нема пари тогаш ќе се обиде да го реши со некоја позиција од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. И која е таа позиција која ќе биде најприкладна да се чепне во Фондот за пренамена на една стапка во друга? За жал, тоа ќе бидат 7-те милиони евра што Владата со овој закон ќе ми ги зеде на Сојузот на прензионерите, на сите пензионери со ова законско решение.

И затоа ние кога зборувавме за солидарниот фонд дека е лошо, дека е неуставно да се загрозува сопственоста на нечии средства, дека е неможно да се менаџира со туѓи средства, дека со менаџирањето со средствата припаѓа на оние што ги собираат, чии се тие и затоа се плашиме дека овој амандман што го дава Владата апансас, 4 месеци после поднесувањето на Законот...

Ако може малце претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Тишина ве молам.

**Јани Макрадули:** За жал, не сакаме да зборуваме за нешто што секој во фамилијата има некој пензионер и постојано поставува прашање што е тоа што се случува.

Затоа, амандманот предложен од СДСМ се обидува желбите или зборот “може” неизвесноста да се реши со прифаќање на нашиот амандман и тоа да биде облигаторно за Владата и да не дозволиме нечии средства чии се сопстевени да служат за пренамена за покривање на материјлните можности на Фондот.

Јас знам дека Уставниот суд штом еднаш донел одлука нема причини да не ја оспори таа одлука, тука не гледам можност за промена на ставот на Уставниот суд, но тогаш ќе падне во вода материјалната можност на Фондот и тогаш Владата не ќе може нешто да реализира за што во овој момент помпезно го најавува. Затоа, ако сака некој реално да се справи или да постигне зголемување на пензиите тогаш ќе го прифати амандманот на СДСМ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

Јас ќе се обидам уште еднаш кратко како и моите колеги од пратеничката група да предупредам и да ја повикам Владата односно да разбере јавноста или оние за кои се однесува овој закон или овој амандман, што всушност задскрива Владата зад решенијата кои ги нуди и предлага самата.

Цело време се говори по повод дебатата по овој закон за измени на пензиско и инвалидско осигурување дека СДСМ наводно е против покачувањето на пензиите за 10%. Токму ние бевме против само да им ги земете парите од солидарниот фонд, од членарината што ги издвојуваат самите пензионери. Против тоа бевме, не против да им ја покачите пензијата. Најдобар доказ дека ние сме за она што Владата го ветува само декалративно за 10% покачување на пензиите, да можете навистина да го спроведете, затоа што Владата на пензионерите со ова решение им нуди само памфлет, трик декларација, а не гаранција, обврска и сигурност дека реално ќе се случи покачувањето како што го најави премиерот. Затоа што зборот “може” нема исто значење со зборот “мора”, со зборот дека Владата се обврзува.

Владата овде може да си остави простор за манипулација. Ако си процени дека има некој друг интерес, ќе си брка маркетинг и политика на друга страна, ќе дигне рака од пензионерите. Не е ова сигурност за пензионерите дека ќе добијат 10% покачување, затоа ние во нашиот амандман велиме дека Владата на Република Македонија во наредните три години ќе утврдува повисок износ на усогласување на пензиите на годишно ниво, доколку не се постигне пораст на пензиите со 10%. Значи да се промени методологијата на формирање на основицата за индексот на покачување на пензиите. Тоа беше објаснето и согласно тоа објаснување, согласно таа математика оваа Влада реално не ќе може повеќе од 4 или 5%, а не 10% на годишно ниво реално да го обезбеди тој пораст.

Значи, Владата ги манипулира пензионерите. Владата привремено сака да го отргне вниманието од незадоволството, лошата економска политика, немањето на инвестиции, немањето на вработувања и сега игра повторно популистички на оваа карта да си одржи привремен рејтинг. Меѓутоа многу брзо тоа во јавноста тоа ќе се почитува и открие, а камо ли за три години. Ќе видиме прво наредната година дали реално Владата ќе биде способна ова да го направи.

Затоа бараме со овој амандман да им гарантирате, да им потврдите на пензионерите дека Владата има сериозна намера и дека ќе опстои на ветувањето не само на прес-конференција премиерот, туку за да нешто се спроведе мора да стои пропишано во закон кој се објавува во Службен весник, инаку прес-конференциите на премиерот пет пари не вредат, тој излегува за убави работи, а неубавите работи ги премолчува или бега од новинарите. Или, го слушнавте вчера како вика, поставете ми нормални прашања.

Значи, ако опозицијата постави прашање како Владата ќе го спроведе покачувањето и дали е способна, дали гарантира за покачувањето на пензиите од 10%, за Владата и премиерот тоа е ненормално прашање. Меѓутоа, пензионерите имаат право на одговор, имаат право да ја знаат вистината, а не некој да ги лаже, најмалку Владата на Република Македонија. Затоа што ако пензионерите еднаш ги излажете не верувам дека после со никакви прес-конференции, изјави на премиерот дека ќе ја повратите таа доверба. Затоа што ова не е предизборен период. Вие не сте сега никој, ниту опозицијата, Владата не е во трка за гласови и во предизборна кампања со политички пароли. Ова е обврска на државата да направи нешто за граѓаните кои низ својот работен век издвојувале чесно за да, кога ќе одат во пензија, да можат да ги уживаат благодетите од својот труд. Тоа е логиката.

И, ова Влада треба да прави добри работи, а не да ги извисува и да ги држи во неизвесност пензионерите и со тоа сите граѓани да ги доведува во заблуда и да си ја подобрува сликата и рејтингот со убави, слаткоречиви прес-конференции.

Затоа ако навистина имате чесни намери кон пензионерите, прифатете го овој амандман и повеќе да не ве чуеме во недостаток на аргументи да наоѓате дежурен виновник во опозицијата дека опозицијата е против зголемувањето на пензиите. Еве ви доказ, пензионерите, сите граѓани на Република Македонија да го видат овој амандман, можат да ги видат листинзите, иако гласањето овде е електронско, излегува исписот од гласањето и тоа е јавно. Можат на веб страницата на Собранието сите дома од компјутерите што ги обезбеди Владата да ги вклучат и да видат кој како ќе гласа за овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Искрено очекував дека по дводневната дебата во Собранието на Република Македонија, владеачкото мнозинство кога веќе Владата нема слух ќе има причина и потреба да прифати дел од амандманите. Бидејќи, јас верувам дека кога Силвана Бонева ќе се врати во Струмица или Илија Китаноски во Кичево или некој друг од моите колеги и колешки, дури и да не сака на улица ќе се сретнат со некои од пензионерите во тие општини и ќе треба да даде образложение зошто Владата на Република Македонија носи вакви лоши решенија. Тоа ќе го оставам на нив. Но, притоа во интерес на времето и донесувањето, се надевам, на конкретно решение во овој дел, ќе се обидам да ја интегрирам мојата дискусија и за овој амандман, но и по текстот на законот, за кој што за жал Министерството за труд и социјална политика не ги прифати добрите и конструктивни забелешки на опозицијата, гледам

дека денес во желбата министерот за труд и социјална политика да одбегне да продолжи да дискутира со нас, го праќа заменикот министер, што сепак мислам дека за ваков закон не е соодветното ниво на кое што треба да дебатираме. Дали тоа значи дека министерот интимно или лично не се согласува со она што го предлага Владата и резултат на тоа е што заменикот министер сега треба да биде тука во Собранието, тоа во овој момент јас не можам лично да го проценам. Но, ајде за момент, имајќи го предвид овој амандман, да се потсетиме на генезата на овој закон. Таа влече корени од поодамна. Својата кулминација ја доживува во август кога премиерот Груевски притиснат од други проблеми и афери во својот владин партиски двор се обидува да ја дефокусира јавноста и меѓу една од повеќето расправи и прес конференции во Владата вели ќе ги покачиме пензиите на пензионерите за 20% и тоа го кажува гласно, а она каде што вели во следните три години, го кажува многу тивко. И, зошто е тоа така? Бидејќи и овој амандман е само обид да се подобри предлогот на Владата, пошто сам по себе е само обид да се подобри предлогот на Владата, кој што сам по себе ќе биде интерес и на Уставниот суд, од проста причина што пензиите во Република Македонија по 1991-1992 година не се предмет на административна одлука на управните органи, во овој случај Владата, туку се предмет на утврдување на својата висина и исплата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Можеби во претходниот систем, социјализмот Владата била таа која што административно ги одредува височините и изнаоѓа средства за исплаќање на овие пензии, но нашата цел е пензионерите да не зависат од милоста или немилоста во исто време на Владата како политички орган, туку нивната исплата на пензиите да биде резултат на придонесите кои што ги исплаќале додека работеле, а работеле многу, да се должи на кондицијата на Фондот кој што треба да се полни со придонесите од ново вработените и тоа да се утврдува врз база на една формула која што ќе има рамноправен пристап и тоа 50% од трошоците на живот, 50% од порастот на платите. Кога во август Груевски излезе и рече ќе ги покачиме, пензиите претпоставувам уште една работа сокри од јавноста, а тоа е дека лошата политика во претходните месеци во делот на земјоделието, во делот на трговијата, во делот на субвенциите во различни области ќе влијае, па денес Република Македонија има незапамтен и сеуште без извесност до кога и колку ќе трае бран на поскапување на сите производи. Тие производи не се апстрактни. Ние денес не зборуваме и узорно дека се покачени цените на дијамантите или на златото на светските берзи, ние зборуваме дека во Македонија нема производ кој што дури и статистички ја составува потрошувачката кошница на која што цената не е најмалку 10 до 15% покачена. Зошто е тоа битно? Битно е, бидејќи во самиот закон Владата вели, бидејќи ги покачив претходно платите од 10% номинално, тоа е во прашање колку во пракса ќе го зголемам учеството на платите во структурата, ама таму каде што имам најлоша ситуација од историјата на Македонија, а тоа е во животниот стандард на граѓаните, ќе го намалам учеството. И, тоа по истиот принцип на кој што Владата ги шминка или се обидува да ги прикаже како нереални, како лажни податоците за бруто домашниот производ, податоците за индустриското производство и за другите индекси, бидејќи тоа законски го може. Го може и политички, бидејќи на чело на Државниот завод за статистика е поставен еклатантен и многу агилен партиски кадар на ВМРО-ДПМНЕ. Како резултат на тоа ние имаме во моментов лошо законско решение, кое што во тој момент во август Владата сакаше да го сокрие, предлагајќи со менувањето на формулата 50:50 да се замени со 80:20 во корист на платите, таа веруваше дека си ја завршила работата. Но, реалноста покажува нешто сосема друго, а тоа е дека животните трошоци растат побрзо од порастот на платите. Денес покачувањето на платите од 10% само кај јавната и кај државната администрација, инаку отприлика 110 илјади луѓе, за останатите не говориме тие не добија покачувања, е истопена во порастот на цените на основните животни продукти. Кога ќе разговарате со било кој граѓанин на оваа држава кој што добил покачување од 10%, а ќе речам тоа е секој десетти, ќе ви рече џабе покачувањето. Тоа веќе се изгуби, никој не зборува за него, бидејќи ги плаќаме повисоките трошоци на основните производи.

Кај пензионерите е уште полошо и потешко, бидејќи со ваквата формула за пресметка на пензиите, тие апсолутно не можат, дури и за три години, што е една утопистичка да речеме или популистичка во исто време прогноза на Владата, да добијат реално покачување од 20%. И, што е корекцијата во меѓувреме. Владата вели, Груевски вети за да покрие други работи. Да покрие криминал, корупција, афери, скандали итн. Но, виде дека тој концепт не функционира. Меѓувреме Владата вели, ајде ќе одам спротивно на Уставот и на здравиот разум и јас како Влада ќе ги зголемувам пензиите, ќе носам одлука. Дури до тука да го сфатиме мотивот, но во исто време дури и таквиот лош мотив на Владата и тешко остварлив мотив на Владата нема да функционира во праксата. Нема да функционира, бидејќи да претпоставиме што ќе се случи. Следната година, од први, тоа е многу кратко, Владата нема можност и тоа го знае, а ја лаже јавноста, нема да може да ги зголеми пензиите за 10%.

Прво, затоа што законски тоа не може да го направи, барем досега, додека говорам.

Второ, затоа што нема услови за тоа, ама излажа и даде ветување. Кога ќе дојдат реакциите од јавноста Владата ќе рече, согласно овој амандман кој што го предлагате јас донесов одлука да ги зголемам пензиите за 5%. Толку отприлика ќе биде реалното зголемување на пензиите за кои што говоревме во изминативе 2-3 дена, дека на најдоминантната за жал група кај пензионерите

што примаат помеѓу 5.500 -6000 илјади денари покачувањето нема да биде повеќе од 200 денари. Тоа ќе се потроши со еден килограм месо. Толку ќе биде реалното покачување на пензиите. Кога Владата ќе види дека излажала, можеби во некој друг месец притисната од новите скандали и корупциски афери ќе рече ајде уште нешто да изманипулираме. И, на некоја седница на Влада, ќе рече јас донесов одлука да ги зголемиме пензиите. Затоа нема да има пари во Фондот, бидејќи нема нови вработувања. Фондот во моментот го полнат онаа маса на луѓе кои што се вработени и ништо повеќе. Ние во изминатава 2007 година немавме нови вработувања, па тие да го дополнуваат Фондот и тој е најголемиот проблем на оваа Влада, невработеноста и инвестициите. И, кога ќе донесе одлука, а ќе нема пари, таа ќе рече во ред, однекаде ќе морам да ги најдам парите. Парите каде ќе ги побара, ќе ги побара од даноците кои што фирмите и граѓаните масовно ги уплаќаат како резултат на зголемените даноци. Сакате заради опфатот на данокот на добивка, заради опфатот на персоналниот данок, заради зголемените даноци на имот, заради зголемените даноци на комунална такса, заради очекуваните нови даноци, кои што Владата ги подготвува во моментов, не во ова Министерство, во некое друго, а кои што сеуште не ги обзнанува на македонската јавност. Ќе земе дел од тие пари и ќе ги даде еднократно во Фондот. Можеби во тој момент ќе се исплати реално, ама краткорочно повисока пензија за да стигнеме до следниот месец и да рече повторно немам пари, бидејќи нивниот концепт е административен, популистички, политички и на тој начин, нема да оствариме реален пораст на пензиите. А, пензионерите ги лажете секојдневно. Или, ајде да го земеме вториот пример. Дали Владата во 2007 година ако сакаше можеше да ги покачи пензиите. Со овој концепт кој што го предлага можеше тоа да го направи. Еве го примерот. Излегува премиерот Груевски и вели една кампања чини отприлика, не баре брои обични работи, 400 илјади евра. Ако ја земеме математиката на невладините организации до овој момент сме имале 15 владини кампањи. Нашиот податок говори повеќе, најмалку 19. Од овие 15 кампањи потрошени за медиумите по 400 илјади евра, го земам податокот од премиерот, се отприлика шест милиони евра. Шест милиони евра на 276 или 280 илјади пензионери да се поделеа ќе имаа реално зголемување од 100 до 120 денари, само од кампањите, не говорам од другите работи, не говорам од суфицитот во Управата за јавни приходи, кој што го добивате затоа што наплаќате ДДВ на 30% повисока дизел или мазут или гориво. Само по тој основ во Управата за јавни приходи се сливаа оваа година 30 милиони евра. Тоа не се виртуелни пари, тоа се практични, конкретни пари кои што ги плаќаат фирмите, граѓаните, по основ на ДДВ на повисоки цени, кај зејтинот, кај млекото и кај сите останати продукти. Значи Владата и во 2007 година да сакаше да го искористи овој механизам кој што сега ни го предлага, можеше веќе да го направи и по основ на шест милиони евра кампањи, ако се толку, експертите велат се 17, значи не 120 денари покачување на пензиите номинално, 250 денари покачување за секој пензионер, можевте да го направите веќе во цела 2007 година, ако го практикувате и сакате да го инсталирате овој механизам кој што сега се дава.

Сакам да спомнам неколку факти.

Број еден, СДСМ сака и инсистира да има покачување на пензиите.

Факт број два, бараме тоа покачување да биде резултат на реални можности и на реални факти. И, нашиот амандман кој народски кажано вели, ако не се постигне реално покачување на пензиите од 10%, реално не номинално, бидејќи инфлацијата следната година ќе биде повисока. Ефектот на цените кој што сега ни се случува ќе се одрази најрано во февруари или март и тогаш ќе ја видиме инфлацијата. Ние велиме реално 10%. Ако не се успее да се постигне со економската активност, тогаш Владата да интервенира и од суфицитот на средства кој што ги има по основ на собрани даноци, не затоа што била многу активна Управата за јавни приходи, туку затоа што граѓаните плаќаат повеќе данок. Заради тоа се повеќето даноци во Управата за јавни приходи, тие средства да се даваат на пензиите и преку пензиите на пензионерите. Сето останато ќе биде штелуван политички маркетинг, бидејќи во овој момент кога рејтингот на ВМРО-ДПМНЕ кој што драстично почна да поаѓа и согласно последните анкети 1/3 паднат од претходно, ќе дојде до некое критично ниво, тогаш Владата ќе излезе и ќе рече, е сега давам зголемување на пензиите. Претходно ќе молчи и ќе се вади дека условите не дозволуваат, кога ќе дојде потреба да се прави анкета, како што денес се случува почна денес нова теренска анкета и Владата апси. Така ќе биде претпоставувам и утре и задутре. 15 месеци се дискутира еден случај во медиумите, почна нова анкета и Владата денес сабајле во 9,00 апси и дели цедиња од сликите за апсење. Но, не го апси тој што е најповиканиот, туку апси нешто странично. Така ќе биде и со пензиите следната година. По потреба ќе излегува Владата како зимски, летен, есенски, пролетен како сакате Дедо Мраз, ќе дава ветувања кои што нема да може да ги спроведе во реалноста и ќе троши пари. Да бидам искрен јас сакам Владата наместо да потроши 17 милиони евра во реклами и кампањи, да ги да де за пензиите. Но, тоа не го направи во 2007 година. Во 2007 година Владата потроши 17 милиони евра за рекламни кампањи и во последниот спот кој што прво беше Ден на Владата, па потоа беше на ВМРО-ДПМНЕ, за кој што едно пуштање на телевизиите чини 20 илјади евра, едно бидејќи трае 310 секунди, стави еден пензионер, каде што ги злоупотреби парите на граѓаните, отворено ставајќи цитат во устата на наводниот пензионер, нормално глумец, бидејќи во практичниот живот нема таков, отворено да пропагира за Владата. Тоа е не злоупотреба накампањата, тоа е кривично дело. Во овој момент Министерството за

внатрешни работи под директна политичка контрола на ВМРО-ДПМНЕ не очекуваме дека тоа ќе преземе некаква активност. Тоа ќе го преземе следното Министерство за внатрешни работи, кое што нема да биде раководено од ВМРО-ДПМНЕ. Во тој спот кој што чини само 20 иљади евра, неговото емитување на една телевизија во еден термин се злоупотребуваат пензионерите, без притоа директно да им се каже зошто 20 иљади евра од еден спот не им се даваат за нивните пензии, а се трошат, лажно убедувајќи ги дека нивниот живот е подобар. Дали нивниот живот е подобар или не, треба да излезете вие колеги пратеници и да поразговарате со нив и да ја добиете вистината.

Дополнително се потврди и во оваа дебата дека главната цел на овој закон било како Владата дефакто експроприра солидарниот фонд на пензионерите, како во времето 1948 година, Инфорбирото да ги земе 7.200 иљади евра на пензионерите во спој во свое владение и во исто време да им ги врати назад следната година 2008 како покачување. И, 140 денари од покачувањето на пензиите, кое што нема да биде повеќе од 4%, нема да биде резултат на реално покачување, ќе биде резултат на истите пари што пензионерите сами си ги одвојуваат за да Владата без да им даде информации,ќе им ги врати назад. Затоа, беше целата работа на овој закон, како да се земат 7 милиони евра невиртуелни пари, туку пари конкретно на пензионерите. Ќе ве замолам претседателе да не зборувате на телефон, бидејќи во моментов постои една иницијатива во медиумите да не се говори на телефон додека трае седницата. Јас како Игор Ивановски се придржувам, се надевам дека и вие ќе се придржите.

**Љубиша Георгиевски:** Имам протоколарни обврски, се извинувам.

**Игор Ивановски:** Ако сакате да прекинеме за момент, бидејќи сакате да ме следите. И вие сте корисник, колку што е мојата информација, на пензија. Оваа работа се однесува и на вас.

**Љубиша Георгиевски:** Да, ама морам да бидам отворен, се извинувам.

**Игор Ивановски:** Во ред, затоа цело време вас ве гледам додека говорам.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, продолжете.

**Игор Ивановски:** Колку што се сеќавам претседателе и вие ...

**Љубиша Георгиевски:** Јас морам да бидам отворен заради протоколарни обврски, господинот Игор треба да говори, да продолжиме така и немојте сега да отвораме...

**Игор Ивановски:** Јас се надевам дека колешката пратеничка од Битола, знае дека оваа седница ја следат пензинерите, бидејќи во Битола има пензиниери кои што во 98% се изјасниа против укинувањето на солидарниот фонд. Се надевам дека таа утре кога ќе се врати во Битола, ќе свика една трибина на која што ќе се сретне со пензионерите од Битола и ќе им објасни, зошто гласала да им се укине солидарниот фонд.

**Љубиша Георгиевски:** Дури и јас ќе и се придружам, затоа што сум од Битола и јас. Таа е моја изборна единица, ќе биде богато.

Се извинувам за овој прекин, ми помогнавте и за медиумите, не може јас да сум затворен.

**Игор Ивановски**: Затоа господине претседателе е проблем што во овој закон има скриени мотиви. Скриени мотиви како една лага да се направи вистина, а тоа е многу тешко, како притоа парите кои што некој доброволно ги одвојува, ќе му се земат притоа Владата не никој друг, Владата ќе го прекрши основното уставно правило врз кое што почива секоја нормална цивилизирана држава во овој момент, а тоа е правото на сопственост. Тие 140 денари се неприкосновено право и се лична сопственост на граѓаните, на пензинерите. Кога тие одлучиле каде ќе ги дават не може државата или Владата да биде реформираниот Советски сојуз и истите да ги конфискува за притоа на друг начин да се обиде да им ги врати на пензинерите лажејќи ги дека со нивните пари ќе го финансира и евентуалното зголемување.

На крајот ќе помине и 2010 година. Тогаш знам и уште еден факт, а тоа е дека ВМРО-ДПМНЕ нема да биде на влст и ќе знам дека ќе има дополнителен потфат што ќе се коснтатира дека ВМРО-ДПМНЕ излажа дека за три години од сега ќе ги зголеми пензиите за 20%. Претпоставувам дека тогаш на колешката од Битола ќе и биде најтешко затоа што кога ќе шета на Широк Сокак и ќе се среќава со пензионерите. Затоа господине претседателе многу реално и многу објективно бараме не во интерес на Владата, не во интерес на СДСМ, во интерес на пензионерите да се прифати овој амандман од проста причина на крајот не да има некоја партија политички поен, туку пензиниерите да имаат реално зголемување на пензиите. На крајот тоа треба да се брои. Тоа треба да биде придобивката, а не дали некоја партија или Владата предложила една или друга работа,опозицијата или некоја друга партија изменила бидјеки ќе заврши оваа расправа, незадоволството на пензионерите и без овој амандман е веќе огромно и тоа нема да го промените бидејки им ги оодземате солидарниот фонд. Нормално тоа ќе го дознаете ако комуницирате со нив,не ако одбегнувате како што до сега правите контакт. Со нив да поразговарате. Впрочем, ако веќе зборуваме за Битола коај што една, ќе го замолам и заменикот министер да не зборува на мобилен телефон претседателе, бидејќи мислам,

(заменикот министер слуша со слушалки)

Се извинувам, се извинувам.

Мислам дека и во Битолската организација на Сојузот на пензионерите која што е една од најактивнит еи од најбројните речиси постоеше плебисцитарен став дека Владата не смее да дозволи да се укине солидарниот фонд и дека е потребно реално зголемување на пензиите. Не потенцијално, бидејки вака како што сега стои

резултаот ќе биде минорен или минимален. Ние не сме среќни и нема да бидеме задоволни што вас пензионерите нема да ви ја дадат довербата, бидјеки животот ќе им остане ист. Наша цел како пратеници без разлика на која политичка партија припаѓаме е реално да го подобриме нивниот живот и нашиот амандман е во таа насока. Ние не велиме Владата не смее да ги покачува пензиите, ние велиме да Владата може да ги покачува пензиите, но до колку тие реално не се покачат врз основа на системот од 10%, тоа е крупната разлика за оној  кој што сака да разбере. За оној кој што е дојден само да спроведе одлука на Влада последиците ќе дојдат подоцна, но негативните последици нема да ги почувствува на пример колешката Благородна Дулиќ која што иако зима дел од пензијата има висока пратеничка плата. Значи, ние денеска говориме за пензионерите и за пензионерките кои што очекуваат Парламентот да донесе закон со кој што реално ќе им се подобри животниот стандар. Тоа е најбитно. Тоа е најважната работа. Ние дискутираме токму во таа насока и апелираме многу добронамерно, многу добро намерно ја бараме поддршката и на колегите од владеачкото мнозинство што пред да стапат на овој мандат веќе беа пензионери и затоа неслучајно јас ја споменувам колешката Дулиќ. Мислам дека таа треба да покаже најмногу чувство за пензионерите. Со претседателот веќе се договоривме и јас му благодарам што беше конструктивен, се надевам дека и тие ќе апелираат меѓу своите коелги, навистина да покажеме добар гест и добра порака за пензионерите.

За тоа на кого тие ќе му ја дадат довербата на следните парламентарни избори ќе се одлучува тогаш. Денес сме декември 2007 година, не треба нервоза меѓу пратениците, треба многу разум, многу такт, сите тие доаѓат од одредени  седини. На некои од нив родителит еим се пензионери, бабите , дедовците и треба да мислиме за тие луѓ. Дали се во Битола, дали во Скопје, дали во Аеродром, без разлика тие луѓе, како вели владината кампања за 400 илјади евра најмалку се наши родители, а ние сме нивни деца. Е, па ако вие сте навистина нивни деца, а сте  ве молам да резонирате во насока за нивното арно и добро.

Јас уште еднаш апелирам владеачкото мнозинство многу сериозно да го разгледа овој амандман, да ја даде довербата не на СДСМ, да ја даде довербата на пензионерите. Ако тоа не го направи, тоа ќе биде уште едно предавство на интересите на пензионерите кои што за жал, за жал, и не можам да си го објаснам тоа со рационални аргументи го направивте со тоа што им го одземавте солидарниот фонд. Јас не гледам дека тие тоа ќе ви го простат,но имаме сеуште шанса да ги корегираме работите и јас апелирам уште еднаш да се прифати овој амандман на СДСМ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Ратко Димитриески, а господинот Павле Трајанов за збор.

Повелете со репликата господине Димитриески.

**Ратко Димитриески:** Благодарам претседателе.

Мислам дека во овој случај имаме уште едно фрлање на прашина во очите на нас колегите пратеници и на целокупната македонска јавност. За жал имаме од првиот ред на десната страна стручњаци и за пензионери, стручњаци и за обвинители, и за меѓуетнички односи и за здравство и за сите релации и овде ни држат предавања и за однесување во Парламентот, дури  ги опоменуваат луѓето кога ги ставаат слушалките на уши. Мислам дека работите се веќе прочитани. Вчера, четвртиот ден од дискусијата околу законот кој што е на дневен ред. Имавме дискусии околу тоа, ги расчистивме работите, денеска докажавме дека уште еден ден го пролонгираме донесувањето на законот односно овозможување на пензионерите да ги добијат и онака малкуте заслужени зголемени 7 до 8% однсоно 20% за наредните три години.

До колку беа толку душегрижници, односно претходниот дискутант беше толку душегрижник зоштоне кажа ништо кога беа дискусиите околу одлуката на Уставниот суд пред 5-6 години за потопувањето на бродот со доделените 8% од страна на Уставниот суд, кое што не успеа тогашната власт да им го додели, а потоа се сторија пари и им го додели. Зошто во претходниот период ни еднаш не успеаа ниту 1% да им ги зголемат пензиите. Секогаш ветуваа дека ќе го направат тоа со едни обични поштенски картички коишто беа поделени, испратени на адреса на сите пензионери како поштенска картичка дека во наредните три години ќе им се зголемат пензиите за 10% со цел да гласаат пензионерите, а после тоа наеднаш ги нема. Се кријат, никаде ги нема испраќачите на тие поштенски картички. Мислам дека треба еднаш да си го покажеме правото лице, да го покажеме она што гокажуваат пензионерите реални дека треба овој закон што е можно побрзо да се донесе за да минималните проценти на зголемување на пензии ги осетат барем најниските слоеви, кои што се најзагрозени со своите месечни примања. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Ивановски контра реплика.

**Игор Ивановски:** Добро вечер господине Димитровски. Конечно дојдовте на оваа дебата,после три дена. Жал ми е што во понеделникот СДСМ предложи да се гласа веднаш и вие да отстапите од решението за конфискација на солидарниот фонд. Вие не се согласивте. Ние рековме веднаш ќе го гласаме законот со кој што претпоставуваме и очекуваме да се зголемат пензиите, само продолжете да ја почитувате волјата на пензинерите. Вие продолживте да практикувате политичко насилие. Пензионерите во Кочани во 99% ви велат оставете ни го солидарниот фонд, пратеникот од

Кочани гласа против таа нивна желба, ама тоа веројатно вие во Кочани ќе си го објасните.

Господине Димитровски ние во СДСМ не сме како тие во ВМРО-ДПМНЕ и не сме како вас и Ѓорчев да ви речеме дека пензионерите до сега не ги зголемија своите пензии затоа што вие во својата фирма не ги плаќате придонесите за пензиско инвалидско осигурување. Тоа нема да го кажеме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот господин Павле Трајанов.

Се надевам дека ова кратко ќе биде затоа што пензионерите чекаат сепак излез од оваа дебата. Повелете.

**Павле Трајанов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, ќе се обидам накратко да се вклучам во оваа расправа затоа што неколку дена раправаме и се покажа дека пензинерите се една категорија која што е доста интересна за политичките партии и мислам дека преку грбот на пензџинерите не треба политички поени да се собираат, но расправата го покажа токму тоа.

Во почетокот кога се раправаше околу тоа дали една асоцијација на пензионеите дали треба со законски решенија тука да се меша власта иако во основа имав дилема, но расправата покажа дека тука треба да се надминат некои состојби и праксата ќе покаже дали со овие законски решенија пензинерите како категорија во целина ќе добијат многу повеќе од тоа што го имале преку таканаречениот солидарен фонд.

Понатаму, сигурно дека уште побитна беше расправата за менување на условите за стекнување со право на пензија. Мислам дека таа расправа треба да се продолжи, но треба да направи Владата една анализа и дали во оваа насока треба да се менува, бидејки точно е тоа дека се бројни барањата на голем број на категории за менување на условите за одење во пензија, но сигурно дека овој концепт, оваа стратегија е правена врз основа на разговори и договори со  Светскиот монетарен фонд, Светската банка, се разбира усогласувана и со европското законодавство. Така да тука можеме ние сега да разговараме за многу прашања околу тоа, заради политички маркетинг, но таа анализа треба да ја направи Владата и да предложи соодветни решенија бидејки со амандман не се решава бидејки не се менуваат системските решенија кои подолго време се подготвувани и донесувани токму во овој Парламент. И сигурно многу битно е тоа што сите го очекуваат, бидејки повеќе о дјансо е дека во Европа, во светот првоимаме зголемување на цените на храната:

Второ имаме енормно зголемување на цената на енергијата, на здравствените услуги и со сосема во ред е ако Владата предлага решенија за ублажување на тешката економска социјална состојба на вработените во целина, но посебно на пензионерите.

Мислам дека се она до сега што се раправаше околу овој предлог на Владата е расправање колку да се расправа, а не да се предложат решенија кои што ќе бидат во функција на подобрување на материјалната или социјалната положба на пензинерите. Сосема е извесно дека Владата предлага зголемување на пензиите и таа определба Владата не може да отстапи, бидејки тогаш би било катастрофа за Владата и за партиите што се на власт, што а подржуваат коалициајта, да вети едно а во пракса тоа д ане го спроведе.

Мислам дека тоа нема никакви реални можности и шанси да не се реализира и затоа мислам дека целокупната расправа околу ова посебно од страна на опозицијата е да се создаде впечаток дека Валдата ветува, нема да го реализира и дека тоа нема да биде реалноусогласување на пензиите со реалниот пораст на платите.

Мислам дека тука има многу демагогија, да не ја заостуваме дискусијата, но факт е дека со оваа категорија на пензинери доста долго време се манипулирало, имало ветување, немало реализација,немало подобрување на нивниот статус, а сега со овие решенија одиме еден чекор понатаму. Мислам дека за тоа овој закон треба брзо да го донесеме за да стивнат расправите околу тоа дали ќе има зголемување или не. Кога ќе се донесе законот ќе се создадат законски услови и таа законска одредба ќе биде реализирана. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплики имаме. Госпоѓа Весна Бендевска, госпоѓа Роза Топузова Каревска.

Повелете госпоѓо Бендевска вашите три минути.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Колега Трајанов најпрво да ви се заблагодарам за поддршката што ја доби амандманот поднесен од пратениците на СДСМ до вас, бидејки токму вие го потврдивте она што ние го дебатираме околу овој амандман. Значи, вие сами кажавте дека реалното енермно зголемување на ценит ена живот ја натерало Владата да ги усогласи пензиите, а не да ги зголеми. Односно овој амандман Владата го поднела само како покритие на истрчувањето на премиерот пред медиумите да каже дека оваа Влада ќе ги зголеми пензиите за 20%. Во вакви услови, во услови на реален пораст на цените нема шанса секоја пензија да има 20% поголема куповна моќ од проста причина што поскапе лебот, млекото, месото, маслото, сега ќе поскапе и струјата и ќе придонесе за поскапување буквално  на сите продукти за живот. Тоа не се вика зголемување на пензиите.

До колку убаво го прочитавте амандманот од Владата јас сум убедена дека во око ќе ви паднеше зборчето “може”. Може, но не мора. Не може во вакви услови, со вакво законско решение да обезбеди барем оваа Влада предводена од Груевски реализација на медиумската кампања на Груевски наречени 20% поголеми пензии во Република Македонија.

Но, бидејки СДСМ сака реално зголемување на пензиите го предложив овој амандман кој има облигација. До колку порастот на цените од една страна и порастот на платите не обезбедуваат законска можност цените да се подигнат реално на годишно ниво за 7% Владата ќе мора тоа да гоусогласува на терет на буџетските средства.

Очекувам и благодарам за вашата подршка. Очекувам да гласате во корист на нашиот амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот Трајанов има контра реплика. Повелете вашата една минута.

Павле Трајанов: Јас сакам да ја прашам колешката колку беше 2002-2006 година номиналното и реалното зголемување на пензиите, дали воопшто ги имаше?

Второ што има лошо во тоа ако Владата презема ваква обврска, ако таа сега добива законска димензија и ние да се убедуваме од сето ова да создаваме сомнеж кај граѓаните, кај пензинерите бидејки не е врзано само за пензионерите. Од пензиите живеат голем број на семејства во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Роза Топузова Каровска, вашата реплика.

Роаза Топузова Каровска: Благодарам господине претседателе.

Јас ќе продолжам онаму каде што застана почитуваниот колега Павле Трајанов и рече дека многу демагогија.

Се согласувам почитуван колега Трајанов, премногу демагогија има и во вашето излагање што го имавте и премногу демагогија во законот кој ни е предложен. Престанете пред јавноста да кажувате дека ова законско решение единствено ќе придонесе за зголемување на пензиите и дека опозицијата е таа која не сака а се зголемат пензиите.

Прво, тоа е само дел од овој закон и тоа Владата интервенираше амандмански. Значи не беше составен дел од претходното законско решение.

Овде во овој закон на мала врата се сака да се протуркаат уште многу работи. Овде цело време беше говорено и околу одземање на солидарниот фонд и околу вработување на 30-тина лекари во Фондот за утврдување на инвалидност, значи партиски кадри итн., но за тоа ќе говорам, и на крај доаѓа со амандман, она што се фотографираше целата Влада на чело со премиерот, дека ќе се зголемат пензиите во наредниот период за 20%, а после излезе дека ќе се зголемат за претпоставени 20%, цитирам пратеничка од ВМРО ДПМНЕ која кажа предпоставени 20%, во наредните три години. Каде е тука демагогијата.

Вие кажавте дека тоа минимално зголемување ќе го почувствуваат граѓаните и затоа треба да побрзаме да го донесеме законот. Како ќе го почувствуваат минималното зголемување од три, четири, еве нека бидат и 7% максимум, во наредниот период. Најдобро ќе видат пензионерите кога ќе го добијат чекот за јануар месец кога се друго се зголемува енормно. Не знам дали вие живеете во Република Македонија и дали сте отишле да видите колкави се цените на маслото за јадење, на млекото итн. Дајте ве молам. Вие зборувате демагошки. Токму поради тоа треба да дадете поддршка на овој амандман, а не да кажувате дека опозицијата е таа која го кочи законот. Еве, опозицијата сега ќе заврши, не успеа да ве разубеди во ништо, го протуркавте она што ви беше и цел да се донесе законот, претходно што ви ги кажав неколкуте членови, па ќе видат пензионерите и самите ќе можат да си го кажат своето откако ќе го добијат првиот чек за јануар месец со пензијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Пратеничката Топузова Каревска беше многу тивка за покачување на плати, на пензии кога беше на власт. Сега откако е во опозиција и тогаш кога Владата предлага зголемување на плати и на пензии и тогаш кога предлага тоа да биде законско решение, практично е против.

Инаку јас не можам да разберам дискусија, ако е во функција на подобрување на матријалната положба на пензионерите, да дискутираме неколку денови, а да не се носи конкретно решение.

Мислам дека најдобро кажа господинот Игор Ивановски кога рече ние бевме подготвени без дискусија да го поддржиме. Што се смени сега да се диускутира толу долго, не знам. Но, сигурно тоа е легитимно право на пратениците да дискутираат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Се извинувам што по втор пат земам збор, но очигледно пратениците не го прочитале амандманот од СДСМ.

Сосема на кратко ќе кажам една реченица.

Пратеничката група на СДМ предлага зборот од владиниот амандман "може", што не е облигаторно, да се претвори во "мора". Тоа е. Владата да има обврска, не да може, туку да мора да ги зголеми. Затоа не ги менувајте тезите.

Второ, ние рековме дека ќе го гласаме овој закон доколку 7 милиони евра што им се крадат на пензионерите им се врат на располагање.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да достават точен број на пратеници во салата, а пратениците кои се во Собранието а не се во салата да влезат.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 15, воздржани нема против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор пратеникот Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Иако долго дебатиравме, сметаме дека овој закон, особено социјалните категории кои се заинтересираат за одредбите на овој закон, заслужуваат поголемо внимание.

Сосема на кратко ќе образложам зошто СДСМ односно пратниците на СДСМ нема да го поддржат предлог законот за измена и дополнување на Законот за ПИОМ.

Во јули месец 2007 година, господинот заменик министер не ја следи расправата а навистина чекам одговори на три клучни прашања.

Овој закон го спакувавте во европски корици, го ставивте европското знакче. Така дојде во собраниска процедура.

Господинот минситер за труд и социјална политика не убедуваше дека овој закон е хармонизиран со европското законодавство, бидејќи зе базира врз регулативата 1408/71 и грубо ја изанипулира јавноста. Господинот министер од оваа говорница лажеше, бидејќи оваа регулатива се однесува, иако на англиски, ќе се обидам да ви ја преведам, на социјална сигурност и слободно движење на луѓето. На тоа се однесува. Базични претпоставки.

Долу се одредени категориите кои се зафаќаат токму со оваа регулатива кон европскиот закон и вели, се однесува за бенефиции околу боледувања, породилни отсуства, инвалидност. Терминот пензионирање е употребен како права на старите лица (дозволете да прифатиме дека се однесува и на пензионерите), несреќи при работа, семејни бенефиции, невработеност и грантови во случај на смрт. Терминолошки грант значи дека државата бенефицира од својот буџет.

Господине Николовски ќе ви ја дадам да ја прочитате регулативата. Грант е збор кој и вие и јас го разбираме и така е употребен. Грантовите значат бенефиција. Токму преку оваа ноторна лага ссе обидовте да ни кажете дека овој закон бил европски и треба да биде гласан во ова Собраие, втора ноторна лага.

Бидејќи ве уверувам и ве убедувам дека овој случај, почитувани колеги од владеачкото мнозинство не прифаќајќи ги нашите амандмани, нашиот предлог да биде тргната цела глава солидарен фонд, го направи закон со кого навистина ќе се наруши угледот на Собранието на Република Македонија, бидејќи ќе донесе закон кој апсолутно се темели врз конфискација на приватна сопственост. Токму тоа го овозможува овој закон и тоа не е само против европските закони, тоа е против нашиот Устав.

Вие, бидејќи нема да учествуваме во кршењето на Уставот и ние нема да учествуваме во донесување на закони за кои поворно ќе добиеме црвен картон од страна на Европската комисија, но вие, убедена сум тоа ќе го дозволите. Во моментот кога ќе гласате секој од вас нека биде свесен дека сосема свесно го скршил членот 8 - темелни уставни придобивки, право на приватна сопственост и членот 30 - право на располагање со сопствената сопственост. Значи, не е скршена само европската реглатива, скршен е и нашиот устав и повторно ќе доведеме во ситуација Уставниот суд, еден европски закон донесен со ваша помош, почитувани колеги, да ја работодавецот уши одредбата која навистина грубо работи против приватната сопственост. Но, не беше само тоа тема на овој закон. Ние се обидовме со наш амандман, со дневен ред да го образложиме нашиот Предлог закон, согласно кој уште три години односно до 1 септември 2010 година, работниците мажи до 40 години работен стаж односно жени до 35 години работен стаж, ќе можат да користат семејна пензија без оглед на нивната возраст. Токму овој наш предлог закон, токму овој наш амандман има две уставни поткрепи.

Согласно член 34, граѓаните на Република Македонија имаат право на социјална сигурност и социјално согирување и член 35 - Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните, согласно начелото на социјална праведност и Републиката им гарантира право на помош на немоќните, стечајците, технолошки вишок, работниците кои не по своја вина, немаат вина, жртви се на транзицијата 17 години, предолго трае, можевме согласно овие уставни придобивки да гласаме во нивна корист и еднаш да го апсолвираме тоа прашање. На наш товар е, без оглед кој е на власт а кој во опозиција. Проблем има Република Македонија. Жалам што не најдовте сила, навистина жалам што не најдовте сила да се надминете над вашата политичка обоеност и жалам што не најдовте сила иако се работи за ваша Влада, да се спротивставите односно да го сочувате дигнитетот на функцијата пратеник. Но, вие сте власт, бидејќи добивте доверба од граѓаните на Република Македонија на 5 јули 2006 година и затоа власта носи и права но и обврски. Ваша ќе биде обврската кога ќе го гласате овој закон, ваши ќе бидат и последиците кога ќе се сретнете со сите категории заинтересирани, околу кои дебатиравте три дена. И не мислам дека предолго траеше расправата. Секој од нас можеше да учествува во оваа дебата. Секој од нас можеше да придонесе да ги убедиме претставниците на Владата дека е добро во овој закон да вметнеме решенија кои ќе одат во корист на, навистина, чувствителните социјални категории кои ни седат со месеци пред Собранието, на кои им ветувавте некакво решение.

Апсолутно не се согласувам и не мислам дека е добронамерно или во функција на решавање на проблемот, ако кажувате кој што и како било, бидејќи историјата не се враќа назад. Но, секој од нас сега има право и можност да влијае во нивна корист. Жалам што во тоа не успеавте. Нема да зборувам околу покачувањето или непокачувањето на пензиите, нема да говорам кого ќе убедуваме. пензионерите дека ќе им биде зголемена пензијата? Можеме дури не го добијат следниот пензиски чек и додека не отидат со него да си ги платат своите давачки. Од вистината нема бегање. Тогаш секој пензионер ќе знае дали предлогот на Владата навистина ќе придонесе за реално зголемување на пензиите, или тоа било уште еден од низата маркетиншки трикови на оваа Влада која ги користи исклучиво за една цел, да ја покрие сопствената неспособност односно немањето на резултати. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас госпоѓа Бендевска.

Три минути реплика за госодинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Јас нема да навлезам во толкување односно преведување на странските термини. Има постручни од мене и од колешката за тоа. Само да кажам дека не се согласувам со слободниот превод. Грант е грант, а државен грант во слободен превод би било стејт грант, а не само грант. Така што тоа го оставам за друго место да го кажат.

Јас би сакал да прочитам еден член тука за пензионерите да не бидат изманипулирани бидејќи можеби немаат простор да го дознаат, па да ја затвориме целата дебата. Тој е член 28. Имено во член 28, по Глава 6, пензискиот стаж, се додава нова Глава со 4 нови членови: 130-а, 130-б, 130-в, и 130-г, кои гласат:

4-а - солидарен фонд, посмртна помош и членарина.

Член 130-а - на корисник на пензија со негова согласност му се запира дел од пензијата за обезбедување на средства потребни за исплата на посмртната помош за членовите на неговите семејства.

Средствата за солидарен фонд - посмртна помош, Фондот ги уплаќа на посебна сметка во рамките на трезорската сметка, со назнака средства за солидарен фонд - посмртна помош на корисници на пензија. Тоа значи дека не им се одземаат средствата на пензионерите, туку наместо досега во здруженијата на граѓани се прфрлаат во државата. Нашите пензионери имаат доверба во државата и воопшто не треба да ги доведуваме во сомнеж дека нема да им бидат исплатени средствата заради тоа што не можете да ме убедите дека здружение на граѓани може подобро да гарантира од државата.

Вториот член 130-б - издвојувањето на посмртната помош се врши од пензија на корисникот на пензија месечно при исплата на пензија, освен од семејната пензија на дете остварена по однос на школување. Износот на издвоените средства и визината на посмртната помош Фондот го определува во единствен износ за сите корисници на пензија, во зависност од акумулираните средства и смртноста на корисниците на пензија. Износот од став 2 на овој член Фондот го објавува на почетокот на секоја година. Слободните односно неискористени средства се вложуваат во купување на државни хартии од вредност.

Значи се што треба да се исплати, ќе се исплати. Она што ќе остане како слободно ќе се искористи за купување на државни хартии од вредност. Значи, ќе се зајакнува положбата на Фондот кој се грижи за пензионерите, а нема а се трошат како до сега за екскурзии, за прошетки и тн., на зруженијата на граѓани на пензионерите.

Член 130-в - издвојувањето на средства и исплата на посмртна помош од средствата на солидарниот фонд ќе ја врши стручната служба на фондот преку подрачните единици. Начинот и постапката за исплата на посмртната помош на корисниците на пензија од солидарниот фонд се определува со акт на фондот.

И конечно, на корисник на пензија од Фондот, со негова соглансост, му се запира дел од пензијата за членарина во Сојузот на пензионерите. Значи, членарината не се укинува, но се укинуваат големите приходи кои до сега ги имаа здруженијата на граѓани на пензионери.

Очигледно е зошто СДСМ ги бара заради тоа што раководните структури исе исклучително блиски на оваа партија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодрам.

Една минута контра реплика за госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Силвана Бонева:** Накратко и набрзина, директивата, односно слободниот превод, мислите ли дека постои европска директива согласно која се уредуваат приватни средства? Нема таква да најдете. Така што овие грантови буквално се однесуваат на средства од буџетите на европските земји.

Второ, знаете што кажавте вие? Дека средствата на корисникот на пензијата со негова сопственост ќе му се префрлат во државата. Во секој речник на македонскиот јазик ова се објаснува со три збора: подржавување, запленување, конфискација, крај. Значи не може државата да се стави сопственик на туѓо, ниту да управува со тоа, а дали ќе користат за екскурзии и за други потреби, Уставот им ја дава таа слобода, тоа право, право на сопственост, право на слободно располагање со својата сопственост.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседател.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер, еве ќе се обидам сосема кратко да се осврнам на текстот на законот и тоа се со една единствена цел, денес да го изгласаме законот, а веќе со пензиите за месец јануари кои ќе ги добијат пензионерите ќе можат самите да дојдат до заклучок кој бил во право, кој не, кој ја манипулира јавноста, а кој не ги манипулира. Кога ќе го видат чекот, ќе им биде апсолутно се јасно и ќе знаат кој ги изманипулирал. Немојте да бидете убедени дека некој може да ги манипулира пензионерите, особено кога се работи за нивните средства. Тие точно знаат колку добиваат, ама знаат точно баш до денар, и колку им земаат, колку им задржуваат солидарните фондови и колку треба да добијат, недај Боже, кога ќе заминат од овој свет. Токму поради тоа, ве молам да не ги лажете и да не ги потценувате пензионерите.

Почитувани колеги пратеници, престанете да манипулирате со тоа дека ако не се гласа за овој закон значи дека не се сака да се зголемат пензиите. Не е точно, зголемувањето на пензиите оваа Влада, со овој закон интервенираше преку еден амандман и тоа е се, и дури со неприфаќањето на последниот амандман поднесен од СДСМ уште се доведува во прашање колку беше искрена Владата со оној предложен амандман, ако не сака тоа да биде задолжително и дефинирано со зборот “мора”, туку остава можност употребувајќи го изразот “може”. Значи тоа е суштинска разлика и навистина ако беа искрени намерите на Владата, требаше да се јави телефонски до пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и да им каже дека апсолутно ништо не минува дали ќе биде “мора” или “може”, туку дека навистина со тоа мора уште повеќе ќе бидат сигурни граѓаните односно пензионерите дека ќе ги добијат оние претпоставени 20% во наредните три години.

Нема да го гласам овој закон не затоа што сум против зголемувањето на пензиите. Напротив, и на почетокот на дебатата реков, кога беше зголемувањето на платите во јавната администрација дека апсолутно го поздравувам секое зголемување на платите, како што даваме поддршка на секој добар економски предлог за подобрување на стандардот на граѓаните од страна на оваа Влада, иако за жал не видовме многу такви.

Зошто нема да го гласам? Нема да го гласам овој закон, почитувани колеги, ќе набројам само неколку работи, нема да се задржувам на секој член, прво, заради тоа што не помина амдманот околу солидарниот фонд. За тоа се говореше овде со денови и не би сакала да се повторувам, но почитувани колеги, од она што ви беа аргументи на парламентарното мнозинство, единствено дојдов до заклучок дека оној бивши систем кој што најмногу го критикувавте и го нарекувате комуњарски, од него ги земате најлошите работи и сега ги применувате. Во тој систем сите знаеме дека имаше и добри и лоши работи, но немојте да го земате она што беше најлошо, конфискацијата, мешање на државата во сите работи. Тоа беше одлика на тој истем. Дајте сега да се свртиме кон Европа каде што голема улога игра невладиниот сектор, здруженијата на граѓани. Зошто сега се враќаме повторно за 20-тина па и повеќе години назад.

Уште една работа која е клучна за носењето на одлуката да не се поддржи овој закон е неприфаќањето на амднаманот за одлагање на пензионирањето по основ на 40 години стаж за маж и 35 години стаж за жена. Не ми е јасно почитувани колеги како можете кога сте во опозиција да размислувате поинаку и веднаш потоа кога ќе дојдете на власт истиот тој закон за истиот тој амандман да гласате поинаку. Не е чесно, не ги носите во заблуда граѓаните, ви ја дадода довербата да ја водите државата. Ви ја дадоа довербата меѓу другото и пензионерите со одлагањето на амандманот можноста до 2007 година да можат да се пензионираат и по овој основ, затоа што на голем број граѓани тоа им значеше, на сите оние кои се занимаваат со тешка физичка работа и почнале да работат од 18 години им значеше да можат да се пензионираат со 40 години стаж, а не да чекаат 64 години. Зошто да ги работат уште тие 6 години, објаснете ми. Имаме жени кои што понале да работат исто така на 18 години, работеле во фабрики, работеле и ден денес работат во конфекција, па видете какви се условите во кои работат. Зошто, со кое право им ја скратувате можноста да се пензионираат со 35 години стаж? Пред се очекувам жените да дадат поддршка. И минатиот пат, да, точно, како што кажа колегата Павле Трајанов бев дел од парламентарното мнозинство, но тогаш гласав да се одложи законското решение до 2007 година, сега бараме да се одложи до 2010 година, значи гласав. Тогаш гласав и за стечајците, иако бев дел од парламентарното мнозинство, иако имав забелешка од министрите кои што беа во тогашната Влада. Сепак, гласав по мое убедување дека треба на оваа категорија на луѓе да им се излезе во пресрет. Ве молам, па еднаш и вие гласајте според свое убедување. Што пречи кажете ми, што е лошото во ова да се одложи ова законско решение до 2010 година, до септември? Да можат луѓето да остварат право на пензија и со тоа, ете, и во насока на владината политика да се отворат повеќе работни места, затоа што вака како што се тргнало не се ни отворија голем број на рботни места, освен оние на Џонсон Мети, сега не знам колку се, дали 500-600 или 100, затоа што од секаде различни информации добиваме. Ако премиерот вели 500, господинот Ставрески 600-тини, од Џонсон Мети велат дека се само 100-тина, но тоа е тема за друга дискусија. Значи два члена веќе кажав.

И третата работа поради која нема да гласам, тоа е почитувани колеги членот 42 со кој што се прави измена на членот 134. Што треба да се овозможи со овој член? Ништо друго почитувани колеги, освен вработување на 30 партиски кадри, кои ќе бидат вработени во Фондот за пензиско и

инвалидско осигурување, но во подрачните единици. И што ќе работат тие знаете? Онаа работа што ја работеше до сега комисија од три члена, која што добиваше надомест по 1000 до 1600 денари месечно. Сега тие 30-тина партиски кадри ќе имаат плата над 20 илјади, плус ако се стават тука и придонесите, а знаете ли колку ќе имаат? На пример, еве ќе го споменам само градот Прилеп како пример, 60-тина случаи месечно, ништо повеќе колеги пратеници, за да ја утврдат компелтноста и уредноста на документацијата, читам "комплетноста и уредноста на документацијата" во подрачната единица, каде што има ви кажав околу 60-тина случаи месечно и ќе биде вработен еден лекар кој ќе зема полна плата. Ве молам, престанете со оваа демагогија и лажење на народот. Не е ништо друго, туку е задоволување на партиските кадри, како што е задоволување на партиските кадри и зголемувањето на платите на директорите на медицинските центри. 49 илјади денари ќе зема директор на медицински центар, за разлика, за споредба - јас нема да споредувам со платите на чистачките зошто веднаш беше обвинета опозицијата дека размислува комуњарски, туку ќе споредам со лекар специјалист кој што зема 19 илјади денари, почитувани колеги. 19 илјади денари зема лекар специјалист, а докторите кои се партиски решенија директори, значи знаеме дека се исклучиво партиски без разлика дали се од ВМРО-ДПМНЕ или од ДПА, ќе земаат 49 илјади денари плата. Мислам дека е крајно некоректно ова што го правите и мислам дека треба сериозно да се замислите.

Токму поради сето ова што го кажав, на крајот ќе повторам, не сум против зголемувањето на пензиите, иако реков дека самите пензионери ќе видат колку ќе им се зголемат пензиите кога ќе го добијат првиот чек, затоа што се претпоставени 20% и во наредниве три години, а животните трошоци во овој момент се 70% зголемени, но нема да го гласам поради овие аргументи кои сега ви ги набројав. И немојте, престанете да ги лажете луѓето. Овој народ ги познава нештата, овој народ знае да ја почувствува вистината, но своето го кажува на избори. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јавија госпоѓа Владанка Авировиќ и Миле Пачемски.

Повелете госпоѓо Авировиќ.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Почитувана колешке, три дена вие постојано само демагогија ширите.

Прво, да ви кажам дека не сте го прочитале денешниот извештај на овластениот државен ревизор кој што три години по ред, начинот на кој што се плаќаат средствата на здруженијата го квалификува како незаконски. Прочитајте го добро конечниот извештај, таму начинот на кој што се префрлуваат средствата од Фондот со спогодбата склучена меѓу здруженијата и Фондот е незаконски, спротивен на Уставот. Значи мораше да се извршат измени во законските решенија. Аако е тоа неуставно и ако е тоа незаконски, значи здруженијата не можат да дојдат до такви средства и слободно да располагаат со тие средства онака како што е наведено, можете слободно да го земете тој конечен извештај. Еве, последниот ќе ви го кажам иако по ред 2005-2006 и 2007 исти се конечните извештаи, број 1203-2457 од 16.07.2007 година. Се работи за една постапка која треба да се усогласи. Според тоа, демагогија е да се шири дека не било тоа со ЕУ усогласено со законите, туку ние ќе сме го пореметиле како одлука од Уставен суд. Погледнете го добро, тоа е на страница 2, прочитајте го, ќе видите што пишува внатре. Да се кажува од говорницата дека ние лажеме или не знам какви се зборови не употребувате, мислам дека тоа не е во ред од ваша страна, секој има право по свое сопствено видување за овој закон да даде придонес, меѓутоа, да кажете дека во јануари или во февруари пензионерите нема да ги добијат очекуваните покачувања, мислам дека не сте во право.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Топузова Каревска има контра реплика 60 секунди, повлете.

**Роза Топузова Каревска:** Не знам почитувана колешке дали јас или вие не сте го прочитале законот не само овој, туку и многу закони нема за што да ги читате, треба да го стегнете копчето како ќе ви биде кажано и зошто би губеле време да го читате, но со оглед дека во една минута не можам да ви образложам кој го нема прочитано, а и говоревме како што рековте три дена, навистина не знам што ги лажам граѓаните. Пензионерите ќе ја добијат пензијата и зошто да кажам, што е тука лошо ако кажам дека доаѓа месец јануари. Па тоа е вистина, доаѓа месец јануари. Што има тука лошо? Доаѓаат пензиите. Самите пензионери ќе можат да видат што добиле. Јас не можам да ве разберам, или бевте толку конфузна во репликата што навистина и покрај сета моја добра волја не видов ништо страшно во тоа дека доаѓа месец јануари.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Миле Пачемски повелете вие со својата реплика три минути.

**Миле Пачемски:** Благодарам претседателе.

Госпоѓо Топузова Каревска, во вашата дискусија искажавте работи со кои се согласувате и со кои не се согласувате. Тоа беше ваше мислење. Јас на ова би го дал следниот коментар.

Законот кој што сега го изменуваме според мене е добар закон. Добар закон е затоа што 280 илјади пензионери во Република Македонија ќе добијат покачени пензии за околу 20% во наредните две години.

Понтаму, законот е добар затоа што ќе имаме нова методологија на пресметка на основните пензии, која од прилика ќе ги покачи за околу 4% пензиите на пензионерите.

И понатаму, законот е добар затоа што дел од тие средства кои се уплатуваат во солидарниот фонд

за посмртни трошоци повторно ќе ги добијат подеднакво сите пензионоери.

Законот е лош за околу 100 до 200 лица кои што се раковоен кадар на тие здруженија на пензионери во сите подрачни единици. Значи тоа се околу 100 до 200 лица кои што се фактички претседатели на тие здруженија, кои што се секретари, потпретседатели, благајници или домаќини. Се работи значи преку сила за околу 200 лица во Република Македонија кои што располагаат со тие солидарни фондови, кои што располагаат со тие 7 милиони евра, кои што знаат дека за својот ангажман за овие фондови тие добиваат одреден надоместок кој што навистина не е мал. Значи нивната работа не е залудна, не е бесплатна. Тие добиваат свои средства и затоа тој закно е лош и во спротивност на нивниот интерес.

Понатаму, рековте дека се противите на вработување на 20 или 30 лекари во тие подрачни фондови. Зошто да се борите кога целата заложба на оваа Влада и на државата е да го зголемиме бројот на вработени лица. Значи на овој начин се намалува и невработеноста и затоа не треба да имате против дали се тоа партиски или непартиски кадри. Тоа ќе бидат граѓани на Република Македонија кои што ќе бидат вработени и кои што ќе зимаат лични доходи, ќе ги гледаат своите семејства. Од сите тие причини ќе го оддржам овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Топузова Каревска имате 60 секунди за одговор.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван колега.

20-те, претпоставени 20% за три години, да ве поправам. Значи околу тоа.

Второ, зошто се задржувате само на солидарниот фонд. Јас го споменав попат тоа. Има уште многу посериозни работи што не се добри во овој закон и за кој уште повеќе се грижат пензионерите. Го споменав времето на пензионирање, основот со стаж и тн. А за бројот на вработените јас не реагирам за тоа што ќе вработите 20 партиски кадри. Со тоа нема да ја намалите невработеноста.

Прво, што тие ќе работат, дали вие знаете што тие ќе работат. Или работата е да се задоволат апетитите на партиски кадри. Ако се работи за вработување кое што навистина ќе влијае на бројот на невработеноста во Република Македонија, тогаш, секој ќе ја поздрави таа иницијатива. Но, да седат по цел ден таму, да чекаат 60-тина случаи, ве молам, немојте така да ги трошите парите од државата.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Оливер Спасовки има збор, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

На крајот од оваа расправа која што беше обемна, која што заслужува да биде таква заради решавање на прашањата кои што се нудат во овој закон, сакам да искажам некои сопствени убедувања, да ги кажам аргументите, кои што се во полза на мојата одлука да гласа против овој Закон за пензиско и инвалидско осигурување.

Прво, рековме генерално дека СДСМ ги подржува законите кои што носат европско знаменце, меѓутоа нема да ги подржиме законите, кои што значат злоупотреба на европското знаменце. Еден од законите е токму овој, иако има уште неколку други закони кои што имаат слична ваква судбина.

Значи, за да оцениме дека еден закон се усогласува во европската регулатива, секако дека треба поголемиот дел од одредбите да се со усогласување, а не да бидат одредби кои што се решаваат, или се нудат одредени политики на Владата на Република Македонија задскриени зад европското усогласување или задскриени зад знаменцето на Европската унија. И мислам дека ова треба да биде оваа расправа, треба да биде поука пред се за Република Македонија, не заради вас лично, да понатаму не правиме злоупотреби во однос на законските решенија.

Второ, за да еден закон кој што воопшто е на дневен ред во Република Македонија ја добие мојата подршка, значи дека треба, барем поголемиот дел на одредбите кои што се наоѓаат внатре бидат во корист на граѓаните на Република Македонија и во корист на Република Македонија. Мислам дека ова не е случајот со овој закон, има многу забелешки кои што ги истакнавме овде на расправата за кои што вие господо од ВМРО-ДПМНЕ немавте слух, дека мора да се направи нешто во смисла на усогласување и подобрување на овој текст на законот уште повеќе заради тоа што допирнува една сериозна група или категорија на граѓани на Република Македонија кои што изразуваат незадоволство од донесувањето на ваквиот закон.

Прво, во делот на прогласување на инвалидноста, иако и од страна на министерот сам призна дека има одредени неусогласености со Законот за работни односи и најави дека заради ова треба да се менува Законот за работни односи што не е случај сега, значи направено е претходно да се смени законот ако мислите да водите една ваква политика. Воопшто не е усогласена европската регулатива на состојбите во Република Македонија. Мислам дека ќе наиде на лоша примена, дека единствено ваквите одредби се на штета на граѓаните на Република Македонија и уште еднаш ја покажавте вашата политика на рестриктивност на грбот на граѓаните на Република Македонија. Тоа е една од причините.

Втората причина заради која што нема да го подржам овој закон се одредбите кои што се однесуваат на солидарниот фонд на пензионерите. Значи, и покрај искажувањето на аргументите што ги понудивме во неколку дневната расправа, покрај сите укажувања и писма што ги добивме од здруженијата на пензионерите во Република Македонија, покрај

тоа што имавте можност да ја видите одлуката на Уставниот суд кој што се изјаснил за исто вакво прашање во 2002 година, за вас едноставно тоа не беа аргументи кои треба да се почитуваат, за вас не значи почитување на мислењето кое што го имаат Здружението на пензионерите, туку напротив се искажаа многу лоши работи, многу лоши зборови во однос на овие здруженија на граѓани односно на пензионери, Сојуз на пензионери на Република Македонија, дури се фрли сомневање дека имало нечесно работење или злоупотреба на финансиските средства, меѓутоа од ниту еден пратеник во ниту еден ревизиски извештај не беше констатирано дека тоа е направено со злоупотреба. Иако се цитираа овде извештаите.

Второ, морам да кажам дека еден од аргументите, не на Владата, туку на парламентарците од ВМРО-ДПМНЕ и од позицијата беше дека досега без никаква изјава и согласност на пензионерите им се запирале средствата и на тој начин биле злоупотребувани. Тоа вчера го слушнавме од пратеникот Ратко Димитровски кој што кажа дека никој во Република Македонија од пензионерите не е прашан за изјава за запирање на вакви средства, дека и тој има татко кој што е пензионер, па никој не го прашал едноставно му ги запирале парите во Здружението на пензионери и на тој начин вршеле злоупотреба. Еве јас најдов една изјава потпишана од Димитровски Блажо од Делчево, кој што е татко на господинот Димитровски и потпишал дека е согласен да му сопираат 140 денари во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и второ да биде член на Здружението на пензионери од Делчево и средствата за погребните трошоци да ги исплати Здружението на пензионери од Делчево. А, исто така има еден куп вакви изјави кои што да ги донесам да се уверите и вие и македоската јавност и уште еднаш да ја покажеме апсурдноста на вашите аргументи кои апсолутно не стојат и не држат во оваа прилика.

И третиот аргумент поради кој нема да го подржам овој закон тоа е заради тоа што не смогнавте сили, немавте ниту храброст, ниту доблест да изгласате нешто што значи продолжување на рокот на важење на Законот на пензиско и инвалидско осигурување кој што се однесува на пензионирање и со стаж покрај годините на старост, како едно од преодните решенија што секаде во сите држави во околината или во Европската унија ги има.

Значи, едноставно сметав дека со вакивите амандмани ќе покажете, тоа впрочем ви го кажав во расправата, ќе покажете дека во дадени моменти кога се во прашање интересите на граѓаните, оние кои ви дале мандат да седите заедно со мене на овие клупи, ќе бидат приоритет, пред тоа што ќе ви го каже Груевски и Владата на чие чело е тој. Меѓутоа, очигледно е дека сите работи почнуваат и завршуваат во Република Македонија во кабинетот на Груевски кој што свети до два часот по полноќ, така започна и оваа работа. Веројатно тоа е одлука овој пат да работите спротивно на интересите на 260 илјади пензионери и на сите други категории кои што ги засега овој закон.

Инаку апсолутна подршка има во делот на покачувањето на пензиите со овој закон, иако пробавте да направите дека единствено законот се носи за да се покачат пензиите на пензионерите, дека дајте да ги скратиме дискусиите и да завршиме со покачување на пензиите, ама ќе ги земат пензионерите во јануари. Мислам дека тоа е добра работа и мислам дека тоа треба да го правите многу почесто и со многу повисоки суми, заради тоа што состојбите што ги направивте во државата на покачување на сите намирници основни на живот во Република Македонија бара и зголемување на пензиите, многу повеќе од она што вие го направите со амандман на Владата за неодредено покачување или за покачување колку што можете во Република Македонија. Мислам дека со сите аргументи кои што ги наведов овој закон не заслужува подршка и затоа ќе гласам против. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ги повикувам сите пратеници кои што се во Собранието, а кои не се во салата, да влезат во салата и да ги завземат своите места, затоа што не очекува гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Предлогот на законот го ставен на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 52, воздржани нема, против гласале 9.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Објавувам прекин од 5 минути за пререгистрација за да можеме да продолжиме со 89-та седница. Благодарам.

(По паузата)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Овде ја прекинувам денешната седница. Утре ќе продолжиме во 11,00 часот со 89-та седница.

Прекинот се должи на тоа што еве поминаа десет минути, па не можеме ни една целина да поминеме од седницата.

Така што, започнуваме со 89-та седница утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,50 часот)